ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 ГОДИНА

Скопје, април 2012 година

СОДРЖИНА


I. ВОВЕД 3

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 8

1. Број на осигуреници 8
2. Број на корисници на пензија 10
3. Корисници на најнизок износ на пензија 15
4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност 17
5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување 19
6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ 19

III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ 20

IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ 28

1. Приходи на Фондот 29
2. Расходи на Фондот 35
3. Финансиски резултат 42
4. Акции и удели 43
5. Наплата на заостанатите ненсплатени придонеси 44
6. Информирање 46

V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ 50

1. Решавање барања во прв степен 50
2. Изготвување решенија за права во втор степен 55
3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување 61
4. Работа на Комисијата за оцена на работната способност 66
5. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење 74
6. Матична евиденција 76
7. Исплата на пензии 80
8. Имотно правно работење 83
9. Органи на управување на Фондот 86
    1. Управен одбор 86
    2. Директор 88
10. Стручната служба на Фондот 89
    1. Организација на Стручната служба на Фондот 89
    2. Човечки ресурси 94
    3. Работа на Отсекот за актуарство 99
    4. Работа на Одделението за внатрешна ревизија 103
    5. Буџетска контрола 108
    6. Јавни набавки 109
    7. Солидарен фонд 112
11. Информатички систем 115
12. Стопанисување со имотот на Фондот и општествен стандард на корисниците на пензија 120

VI. ЗАКЛУЧОК 124

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Пензиското и инвалидското осигурување е значаен сегмент на социјалното осигурување на Република Македонија. Развојот на ова осигурување зависи од вкупните економски, социјални и демографски движења во општеството кои непосредно или посредно влијаат на пензискиот систем на секоја земја. Значењето на пензиското и инвалидското осигурување се изразува преку бројот на осигуреници кои плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување, бројот на корисниците на пензија и членовите на нивните семејства кои живеат од пензијата и висината на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ.

Во извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во 2011 година содржани се исцрпни, поединечни и сеопфатни податоци со детални образложенија и коментари за остварените резултати од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување во Република Македонија. Исто така, во Годишниот извештај се дадени статистички податоци за остварените права од пензиското и инвалидското осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот, податоци за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување, матичната евиденција, општествен стандард на корисниците на пензија и други податоци. Активностите на Фондот се многубројни и различни и истите имаат влијание врз целата повозрасна популација во Републиката, а индиректно и врз членовите на нивните семејства.

Системот на пензиското и инвалидското осигурување во Република Македонија се спроведува како задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на меѓу генерациска солидарност (прв столб), задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) и доброволно пензиско осигурување (трет столб) врз основа на индивидуално капитализирано штедење.

Во првиот и вториот столб од пензискиот систем задолжително се опфатени сите работници по основ на работен однос и вршење на дејност, а третиот столб е на доброволна основа.

Работите кои се во надлежност на Фондот во 2011 година се извршени во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Буџетот на Фондот и Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се утврдени со закони, и на истите е обезбедена двостепеност во постапката и судска заштита.

Во рамките на пензиското и инвалидското осигурување, својата социјална сигурност ја остваруваат над 293.000 корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување или 14,2% од вкупното население на Република Македонија во 2011 година (2.057.284), а учеството на расходите за пензиското и инвалидското осигурување во бруто домашниот производ изнесува 9,7 %.

Органи на управување на Фондот се Управниот одбор и Директорот на Фондот. Управниот одбор има девет членови кои ги именува Владата на Република Македонија, а истите се избрани од редовите на осигурениците за време од четири години.

На крајот од 2011 година бројот на осигуреници изнесуваше 489.608, додека бројот на корисници на пензија изнесуваше 280.891 корисник (заедно со минималните земјоделски и воени корисници) или соодноc 1,74 осигуреници на 1 пензионер.

Во 2011 година Фондот оствари вкупно приходи во износ од 43.937,09 милиони денари и вкупни расходи во износ од 44.305,77 милиони денари. На финансиското работење на Фондот влијание имаше економската криза која придонесе да не се остварат во целост предвидените макроекономски индикатори, кои директно влијаат врз остварувањето на приходите од придонесите. Поради ваквата финансиска состојба, Фондот во 2011 година за навремена исплата на пензиите во воспоставените рокови при исплатата на пензиите користеше позајмица од Буџетот на Републиката.

Во 2011 година, Фондот изврши усогласување на пензиите од 1 јануари за 0,75% и од 1 јули за 2,10%, што имаше влијание врз одржување на реалната вредност на пензиските примања.

Со извршеното усогласување на пензиите, просечната пензија во декември 2011 година (од работничко право) изнесуваше 10.682 денари и во однос на 2010 година е повисока за 3,9%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, просечната пензија изнесуваше 10.701 денари.

И во 2011 година, Фондот водеше рестриктивна кадровска политика согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија, да нема нововработени на упразнетите места по основ на пензионирање или заминување на друго работно место.

Во 2011 година се започна со примена на Проектот за техничка поддршка за дизајнирање на новите деловни процеси за остварување на правата и исплата на пензиите, со што се воведе целосно автоматизиран процес на работењето и скратување на рокот за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување и исплатата на пензиите.

Исто така, во 2011 година се пристапи кон делумна имплементација на софтверот за човечки ресурси Hermes, кој овозможи, ажурирање на кадровската евиденција на вработените, воведување електронска евиденција на работното време во соработка со филијалите и деловниците на Фондот, а со тоа во повеќе сегменти се олесни работењето на Стручната служба на Фондот.

Во текот на 2011 година, решени се 33.136 барања по сите основи за остварување права од пензиското и инвалидското осигурување ( за старосни, инвалидски и семејни пензии, надоместоци од инвалидско осигурување, утврдување на пензиски стаж и останати барања) , од кои 19.414 први барања за остварување право на пензија.

Фондот во 2011 година исплатуваше пензии на вкупно 280.891 корисник на пензија (со воени и минимални земјоделски) со просечен месечен износ на расходи во износ од 2.980 милиони денари во нето износ и 377 милиони денари придонес за здравствено осигурување или заедно 3.357 милиони денари.

Во 2011 година, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за 2010 година. Исто така, во 2011 година од Државниот завод за ревизија беше доставен Конечен извештај за извршената ревизија на старосна и семејна пензија за 2009 година. Во врска со ревизијата на финансиските извештаи на Фондот за 2010 година, овластениот државен ревизор изрази мислење дека тие вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Фондот, според сите значајни аспекти, а резултатот од финансиските активности за годината е во согласност со важечката законска регулатива. Во Фондот е остварено законско и наменско користење на средствата.

Во врска со користењето на трансферните средства од Буџетот на Републиката, кои од година во година се зголемуваат, а трансферирањето на буџетските средства за потребите на Фондот се спроведуваат преку

Министерството за труд и социјална политика , за поефикасно користење на овие средства, ревизијата е на мислење трансферирањето на буџетските средства да се спроведува директно на сметката на Фондот.

Од 1 јануари 2011 година Фондот може да остварува и средства од продажба на акции и удели стекнати по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, до 100% од вкупниот капитал стекнат по овој основ. Имено, со измената на член 172-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.83/2010) законското ограничување за продажба до 70% од вкупниот капитал на Фондот важеше до крајот на 2010 година, а во 2011 година се овозможува целосна продажба на акциите и уделите од портфолиото на Фондот.

И во 2011 година, Фондот активно учествуваше во спроведувањето на проектот на Владата на Република Македонија за "Бањско-климатска рекреација" за корисниците на пензија. Поднесувањето на барањата како и електронската обработка на истите се вршеше во Фондот, а потоа истите беа доставувани до надлежната Комисија за рангирање на поднесените барања при Министерството за труд и социјална политика. По извршеното рангирање од страна на Комисијата до Фондот беа доставени списоци со корисници на пензија на кои им беше одобрено користење на услугата. Стручната служба на Фондот писмено (по пошта) и телефонски преку Кол центарот, ги известуваше корисниците на пензија, а истовремено списоците беа објавени и на Веб страницата на Фондот. На корисниците на кои им беше одобрено бањско –климатска рекреација, Фондот им доставуваше средства за превоз на трансакциска сметка, а потоа Министерството за труд и социјална политика тие средства ги дозначуваше на Фондот.

# II СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## 1. Број на осигуреници

Во 2011 година, Фондот водеше месечна евиденција за вкупниот број на обврзници и осигуреници, кој во декември 2011 година изнесуваше 489.608 осигуреници.

**Табела 1.** Број на осигуреници и обврзници

| Реден број | Филијали | Обврзници | Осигуреници |
|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 662 | 3.011 |
| 2 | Битола | 4.417 | 25.254 |
| 3 | Валандово | 357 | 2.272 |
| 4 | Велес | 2.141 | 11.854 |
| 5 | Виница | 580 | 4.266 |
| 6 | Гевгелија | 1.633 | 10.257 |
| 7 | Гостивар | 3.543 | 10.777 |
| 8 | Дебар | 700 | 2.300 |
| 9 | Делчево | 760 | 5.129 |
| 10 | Демир Хисар | 299 | 1.381 |
| 11 | Кавадарци | 1.811 | 9.900 |
| 12 | Кичево | 1.899 | 6.464 |
| 13 | Кочани | 1.723 | 9.913 |
| 14 | Кратово | 248 | 1.331 |
| 15 | Крива Паланка | 602 | 3.004 |
| 16 | Крушево | 273 | 937 |
| 17 | Куманово | 3.899 | 19.552 |
| 18 | Македонски Брод | 280 | 1.049 |
| 19 | Неготино | 1.049 | 4.979 |
| 20 | Охрид | 2.790 | 15.491 |
| 21 | Прилеп | 3.567 | 19.108 |
| 22 | Пробиштип | 467 | 2.946 |
| 23 | Радовиш | 1.122 | 4.682 |
| 24 | Ресен | 558 | 2.922 |
| 25 | Свети Николе | 923 | 4.485 |
| 26 | Струга | 2.355 | 9.460 |
| 27 | Струмица | 3.537 | 16.878 |
| 28 | Тетово | 5.364 | 20.651 |
| 29 | Штип | 2.029 | 19.292 |
| 30 | Скопје | 28.122 | 240.063 |
| **Вкупно** | | **77.710** | **489.608** |

Бројот на обврзниците изнесува 77.710 од кои 28.122 или 36,2% од вкупниот број се во Скопје, а бројот на осигуреници изнесува 489.608 осигуреници од кои 240.063 или 49,0% се регистрирани во Скопје.

Според податоците на Фондот бројот на осигуреници (состојба декември 2011 година) изнесува 436.688 осигуреници или 89,2% од вкупниот број на осигуреници (489.608). Соодносот меѓу осигурениците кои плаќаат придонес и вкупниот број на корисници на пензија (280.891) изнесува 1,55 вработен на еден корисник на пензија, а соодносот меѓу вкупниот број на осигуреници и корисниците на пензија изнесува 1,74 осигуреници на 1 корисник на пензија

**Табела 2:** Број на корисници на пензија и број на вработени лица

| Година | Број на вработени | Број на корис. на пензија(без воени и мин.земјод.) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 534.887 | 180.749 | 338 | 3.0 |
| 1992 | 531.083 | 193.294 | 364 | 2.7 |
| 1993 | 503.010 | 210.537 | 418 | 2.4 |
| 1994 | 468.632 | 216.834 | 463 | 2.2 |
| 1995 | 427.658 | 219.307 | 513 | 2.0 |
| 1996 | 403.820 | 222.727 | 552 | 1.8 |
| 1997 | 381.723 | 227.099 | 596 | 1.7 |
| 1998 | 370.869 | 232.216 | 626 | 1.6 |
| 1999 | 374.025 | 235.839 | 631 | 1.6 |
| 2000 | 367.162 | 241.221 | 657 | 1.5 |
| 2001 | 351.009 | 247.200 | 704 | 1.4 |
| 2002 | 332.728 | 249.421 | 750 | 1.3 |
| 2003 | 321.105 | 254.262 | 775 | 1.3 |
| 2004 | 348.212 | 260.075 | 747 | 1.3 |
| 2005 | 348.500 | 265.152 | 761 | 1.3 |
| 2006 | 394.882 | 269.681 | 714 | 1.46 |
| 2007 | 424.338 | 272.386 | 693 | 1.55 |
| 2008 | 451.491 | 273.281 | 654 | 1.65 |
| 2009 | 475.780 | 273.977 | 576 | 1.74 |
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1.70 |
| **2011** | **489.608** | **280.891** | **573** | **1,74** |

Бројот на регистрирани осигуреници во декември 2011 година изнесува 489.608 осигуреници, и истиот во споредба со бројот на осигурениците во декември 2010 година од 466.280 е поголем за 23.328 осигуреници, а бројот на осигуреници за кои се плаќа придонес се зголемува од 413.797 во 2010 година на 436.688 осигуреници во декември 2011 година или повеќе за 5,5%.

Бројот на осигурениците, корисниците на пензија и нивниот соодnос е даден во следниот графикон:




## 2. Број на корисници на пензија

Бројот на корисниците на пензија, со состојба 31.12.2011 година изнесува 277.441 корисници, од кои 156.016 корисници на старосна пензија или 56,2% од

вкупниот број на корисници на пензија; 44.895 корисници на инвалидска пензија или 16,2% и 76.530 корисници на семејна пензија или 27,6%.

**Табела 3:** Број на корисници на пензија во декември 2011 и 2010 година

| Ред. број | Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2010 | Корисници на пензија 31.12.2011 | Зголемуавање/намалување | Индекс 2011/2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна | 151.894 | 156.016 | 4.122 | 102,7 |
| 2 | Инвалидска | 46.118 | 44.895 | - 1.223 | 97,3 |
| 3 | Семејна | 75.739 | 76.530 | 791 | 101,0 |
| | **Вкупно** | **273.751** | **277.441** | **3.690** | **101,3** |

Бројот на корисниците на пензија во 2011 година е зголемен за 3.690 корисници во однос на 2010 година, односно за 1,3% од вкупниот број на корисници на пензија, како резултат на зголемениот број на поднесени барања за остварување на право на старосна пензија.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2011 година е остварен кај корисниците на старосна пензија за 4.122 нови корисници или за 2,7% и 1,0% кај корисниците на семејна пензија, а намалување има кај корисниците на инвалидска пензија за 2,7% или за 1.223 корисници.

Во Фондот се исплатуваат пензии и за 2.007 корисници на воена пензија и 1.443 корисници на минимална земјоделска пензија, со кои вкупниот број на корисници на пензија на крајот на годината изнесува 280.891 корисници. Покрај тоа Фондот исплаќа и 2.085 корисници на телесно оштетување како единствено право од пензиското и инвалидското осигурување, односно Фондот исплатува 282.976 корисници на право согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Табела 4.** Состојба по вид на пензии

| Ред. Број | Вид на пензија | Состојба на 31.12.2010 | Состојба на 31.12.2011 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Корисници на пензија | 273.751 | 277.441 | 101,3 |
| 2 | Воени пензии | 2.161 | 2.007 | 92,9 |
| 3 | Земјоделски пензии | 1.817 | 1.443 | 79,4 |
| 4 | **Вкупно** | **277.729** | **280.891** | **101,1** |

Вкупниот број на корисници на пензија (заедно со минималните земјоделски и воени пензии) е поголем за 3.162 корисници на пензија во однос на 2010 година или 1,1% и тоа заради намалувањето на минималните земјоделски пензии за 154 корисници и за 374 корисници на воени пензии. Овие корисници и во иднина ќе се намалуваат со природен одлив поради тоа што затекнатите корисници своето право го оствариле според законски прописи кои веќе не се применуваат, а нови права не се остваруваат.

Структурата на корисниците на пензија по видови на пензија е следна:



Приливот на нови корисници на старосна пензија од 1991 до 2011 година е даден во следниот графикон:




**Табела 5:** Стапка на пораст на корисниците на пензија од 1991 - 2011 година според видот на пензија

| Период | Старосна | Инвалидска | Семејна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1992-1991 | 7,8 | 7,4 | 5,0 | 6,9 |
| 1993-1992 | 11,6 | 6,9 | 5,2 | 8,9 |
| 1994-1993 | 2,5 | 3,7 | 3,5 | 3,0 |
| 1995-1994 | -0,3 | 2,3 | 3,3 | 1,1 |
| 1996-1995 | 0,7 | 2,0 | 3,0 | 1,6 |
| 1996-1991 | 23,1 | 24,1 | 21,7 | 23,2 |
| 1997-1996 | 1,0 | 3,1 | 3,1 | 2,0 |
| 1998-1997 | 0,9 | 3,7 | 3,0 | 2,3 |
| 1999-1998 | 1,2 | 1,7 | 2,3 | 1,6 |
| 2000-1999 | 3,0 | 0,9 | 2,0 | 2,3 |
| 2001-2000 | 3,3 | 0,1 | 2,8 | 2,5 |
| 2002-2001 | 1,0 | -0,2 | 1,5 | 0,9 |
| 2003-2002 | 2,6 | -0,5 | 2,6 | 1,9 |
| 2004-2003 | 3,6 | -1,2 | 2,4 | 2,3 |
| 2005-2004 | 3,6 | -2,7 | 2,1 | 2,0 |
| 2006-2005 | 2,8 | -1,6 | 1,8 | 1,7 |
| 2006-1996 | 26 | 4,1 | 26,1 | 21,1 |
| 2007-2006 | 2,2 | -2,7 | 1,1 | 1,0 |
| 2008-2007 | -0,3 | 1,1 | 1,0 | 0,3 |
| 2009-2008 | 0,3 | -1,3 | 1,2 | 0,3 |
| 2010-2009 | 1,2 | -3,8 | -0,3 | -0,1 |
| 2011-2010 | 2,7 | -2,7 | 1,0 | 1,3 |

Зголемувањето на бројот на корисници на пензија од 1991-2011 година е дадена во следниот графикон:




Приливот на корисници на инвалидска пензија почнувајќи од 2004 година постепено се намалува, главно поради заостравање на условите за стекнување право на инвалидска пензија.

**Табела 6:** Движење на бројот на корисници на пензија по години

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 94.676 | 38.206 | 47.867 | 180.749 |
| 1992 | 102.021 | 41.030 | 50.243 | 193.294 |
| 1993 | 113.799 | 43.867 | 52.871 | 210.537 |
| 1994 | 116.617 | 45.472 | 54.745 | 216.834 |
| 1995 | 116.241 | 46.509 | 56.557 | 219.307 |
| 1996 | 116.560 | 47.431 | 58.254 | 222.245 |
| 1997 | 118.148 | 48.909 | 60.042 | 227.099 |
| 1998 | 119.194 | 51.208 | 61.814 | 232.216 |
| 1999 | 120.574 | 52.060 | 63.205 | 235.839 |
| 2000 | 124.210 | 52.549 | 64.462 | 241.221 |
| 2001 | 128.322 | 52.619 | 66.259 | 247.200 |
| 2002 | 129.648 | 52.514 | 67.259 | 249.421 |
| 2003 | 133.008 | 52.237 | 69.022 | 254.267 |
| 2004 | 137.840 | 51.589 | 70.646 | 260.075 |
| 2005 | 142.827 | 50.180 | 72.145 | 265.152 |
| 2006 | 146.852 | 49.364 | 73.465 | 269.681 |
| 2007 | 150.075 | 48.364 | 74.257 | 272.696 |
| 2008 | 149.682 | 48.562 | 75.037 | 273.281 |
| 2009 | 150.092 | 47.947 | 75.937 | 273.976 |
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.751 |
| **2011** | **156.016** | **46.895** | **76.530** | **277.441** |

Графички приказ на движењето на бројот на корисници на пензија




Според дадениот графикон, произлегува дека повеќе од една половина (56,2%) од вкупниот број корисници на пензија се корисници на старосна пензија, а другиот дел се однесува на корисници на семејна и инвалидска пензија.

## 3. Корисници на најнизок износ на пензија

**Табела 7:** Број и висина на пензијата на корисниците на најнизок износ на пензија

| | **Број на корисници** | **Износ на пензија (денари)** |
|---|---|---|
| Прва група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 2.825 | 8.274,50 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 7.974 | 6.816,50 |
| Пензии остварени по 2001 | 20.289 | 7.308,00 |
| Вкупно прва група ( над35 години маж и над 30 години жена | 31.088 | |
| Втора група | | |
| Пензии остварени од 31.12.1996 | 960 | 8.052,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 2.096 | 6.307,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 12.979 | 6.773,00 |
| Вкупно втора група ( над 25 години маж и над 20 години жена) | 16.035 | |
| Трета група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 4.886 | 7.766,50 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 7.690 | 5.795,50 |
| Пензии остварени по 2001 | 18.006 | 6.238,00 |
| Вкупно трета група ( до 25 години маж и до 20 години жена) | 30.582 | |
| **Се вкупно** | **77.705** | |

Најнискиот износ на пензија се определува независно од висината на пензијата определена врз основа на должината на пензискиот стаж и остварените плати. Тоа значи дека на осигуреникот му се гарантира износ на пензија кој е повисок од пензијата определена од должината на пензискиот стаж и остварените плати. Институтот најнизок износ на пензија, се заснова на принципот на социјална праведност и неговата висина зависи од должината на работниот придонес изразена преку должината на пензискиот стаж и ако истата е пониска на корисникот му се исплатува до најниската пензија.

Во Фондот, на крајот на годината се исплаќа минимална пензија на 77.705 корисници и тоа: 30.582 корисници или 39,4% од вкупниот број на корисници на минимални пензии, од трета група, односно со најмал пензиски стаж (до 25 години маж, односно до 20 години жена), на 16.035 корисници од втора група (над 25 години маж и над 20 години жена ), или 20,6% и на 31.088 корисници на пензија од прва група (над 35 години маж и над 30 години жена) или 40,0% од вкупниот број на минимални пензии. Бројот на корисници на најнизок износ на пензија во 2011 година во споредба со 2010 година (76.543) зголемен е за 1,5% како резултат на остварувањето пониски пензии на новите корисници кои правото на пензија го оствариле во 2011 година.

Покрај овој број, 37.002 корисници на пензија остваруваат право на пензија со износи на пензија меѓу групите. Со овие корисници, бројот на корисниците на пензија кои примаат најниски пензии, односно пензија до 8.274,50 денари, изнесува 114.707 корисници или 41,0% од вкупниот број на корисници на пензија. Средствата за разликите од утврдените износи на пензија до износот што се исплатува се обезбедуваат од Буџетот на Републиката.

## 4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност

Во Фондот, на крајот на 2011 година имаше 171 корисник од кои 145 за време на чекање на вработување на својата или друга соодветна работа, 16 корисници со скратено работно време и 10 корисници поради помал личен доход на друга соодветна работа.

Согласно член 53 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на (Сл. весник на РМ бр. 153/2007), корисниците на паричен надоместок по основ на намалена работна способност на товар на средствата на Фондот кои ова право го користеле до влегување во сила на овој Закон, по службена должност се преведоа во инвалидски пензии, по основ на професионална неспособност за работа, сметано од 1 јануари 2008 година.

Постојните корисници на паричен надоместок до вработување, надоместок на плата за работа на друго работно место и скратено работно време се корисници кои правото го оствариле пред 1997 година и истите како стекнато право го остваруваат во Фондот.

**Табела 8:** Број на корисници на паричен надоместок од 1997 - 2011 година

| Вид на право година | Чекање на вработување | Скратено раб. време | Помала плата | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1997 | 947 | 1196 | 1616 | 1016 | 4775 |
| 1998 | 946 | 972 | 1501 | 972 | 4391 |
| 1999 | 950 | 837 | 1364 | 910 | 4061 |
| 2000 | 897 | 573 | 1115 | 812 | 3397 |
| 2001 | 893 | 286 | 733 | 724 | 2636 |
| 2002 | 1035 | 200 | 616 | 676 | 2527 |
| 2003 | 1123 | 147 | 332 | 645 | 2247 |
| 2004 | 1180 | 130 | 265 | 488 | 2063 |
| 2005 | 1407 | 90 | 170 | 0 | 1667 |
| 2006 | 1659 | 63 | 106 | 0 | 1828 |
| 2007 | 1768 | 67 | 113 | 0 | 1948 |
| 2008 | 202 | 15 | 8 | 0 | 225 |
| 2009 | 183 | 14 | 9 | 0 | 206 |
| 2010 | 158 | 13 | 6 | 0 | 177 |
| **2011** | **145** | **16** | **10** | **0** | **171** |

Во следната табела графички е прикажано движењето на бројот на корисници на парични надоместоци по години.




Во 2011 година, за корисниците на парични надоместоци се исплатени средства во износ од 8,12 милиони денари или 4,4% помалку од претходната година.

## 5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување

Бројот на корисниците кои примаат паричен надоместок за телесно оштетување во 2011 година изнесуваше 11.633 корисници, од кои 2.085 корисници на единствено право и 9.548 корисници со право на пензија. Бројот на корисниците на телесно оштетување во 2011 во однос на 2010 година е намален за 412 корисници или за 3,5%.

## 6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ

Расходите за пензиско и инвалидско осигурување, бруто домашниот производ и нивниот соодност е дадено во следната табела:

**Табела 9:** Расходи за ПИО, БДП и учество на расходите во БДП

| **Година** | **Вкупни расходи за ПИО** | **БДП** | **Учество на расходите за ПИО во БДП** |
|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | |
| 1990 | 60,87 | 506 | 12,0 |
| 1991 | 104 | 920 | 11,3 |
| 1992 | 1.337 | 11.794 | 11,3 |
| 1993 | 9.412 | 59.165 | 15,9 |
| 1994 | 18.445 | 146.409 | 12,6 |
| 1995 | 18.296 | 169.521 | 10,8 |
| 1996 | 18.925 | 176.444 | 10,7 |
| 1997 | 19.504 | 186.018 | 10,5 |
| 1998 | 20.533 | 194.979 | 10,5 |
| 1999 | 20.681 | 209.010 | 9,9 |
| 2000 | 22.942 | 236.389 | 9,7 |
| 2001 | 24.697 | 233.841 | 10,6 |
| 2002 | 25.889 | 243.970 | 10,6 |
| 2003 | 27.764 | 253.493 | 11,0 |
| 2004 | 29.117 | 258.751 | 11,3 |
| 2005 | 29.029 | 276.989 | 10,5 |
| 2006 | 31.207 | 298.140 | 10,5 |
| 2007 | 32.770 | 333.845 | 9,8 |
| 2008 | 38.733 | 405.014 | 9,6 |
| 2009 | 41.393 | 396.496 | 10,4 |
| 2010 | 42.507 | 425.628 | 10,0 |
| **2011** | **44.306** | **455.387** | **9,7** |

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во 2011 година изнесува 9,7% и истото во однос на 2010 година е намалено за 0,3 процентни поени.




## III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2011 година се изврши согласно членот 37 од измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, и тоа: за 50% од порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија и 50% од движењето на индексот на трошоците на живот. Пензиите се усогласуваат од 1 јануари и 1 јули според процентот кој се добива како збир на движењето на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената

(бруто) плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Согласно важечките прописи, а според објавените статистички податоци од страна на Државниот завод за статистика за порастот на платите на вработените во Републиката и Објавата за движењето на трошоците на живот во Република Македонија, пензиите од 1 јануари 2011 година се усогласија за 0,75% и од 1 јули за 2,10% или вкупното усогласување изнесува 2,86%.

Усогласувањето на пензиите во периодот од 2001 до 2011 година прикажано е во следниот преглед:

**Табела 10:** Извршено усогласување на пензиите од 2001-2011 година

| **Година** | **Усогласување на пензиите на 1 јануари** | **Усогласување на пензиите на 1 јули** | **Вкупно усогласување** |
|---|---|---|---|
| 2001 | 1,79% | - | 1,79% |
| 2002 | 0,63% | 5,90% | 6,56% |
| 2003 | 2,97% | 2,68% | 5,72% |
| 2004 | 0,80% | 0,41% | 1,21% |
| 2005 | - | 0,40% | 0,40% |
| 2006 | 0,48% | 2,18% | 2,67% |
| 2007 | 0,64% | 1,04% | 1,69% |
| 2008* | 13,00% | 7,65% | 21,66% |
| 2009 | 3.50% | 2,02% | 5,59% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| **2011** | **0,75%** | **2,10%** | **2,86%** |

*Р едовно и дополнително усогласување

Во периодот од 2001 до 2011 година пензиите најмногу се зголемија во 2008 година, поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на Република Македонија што придонесе да се зголеми реалната вредност на пензиите и да се подобри материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија.

Со извршените усогласувања на пензиите, просечната пензијата во декември 2011 година (од работничко право) изнесуваше 10.682 денари, и истата во однос на 2010 година е повисока за 3,9%, а просечната пензија заедно со корисниците на минимални земјоделски и воени пензии изнесуваше 10.701 денари.

**Табела 11:** Просечните пензии ( од работничко право) по видови, во декември 2010 и 2011 година изнесуваат и тоа:

| **Вид на пензија** | **2010** | **2011** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| | во денари | | |
| Старосна пензија | 11.615 | 12.096 | 104,1 |
| Инвалидска пензија | 9.212 | 9.539 | 103,5 |
| Семејна пензија | 8.225 | 8.473 | 103,0 |
| **ВКУПНО** | **10.273** | **10.682** | **103,9** |

Соодносот на просечната пензија (исплатена во декември 2011 година од 10.682 денари) и просечната плата (за декември 2011 година од 21.415 денари) во Републиката, изнесува 49,9 %, а на старосната пензија учеството изнесува 56,5%.

Во следниот графикон прикажан е соодносот на пензиите по видови, во однос на просечната нето плата:




**Табела 12:** Просечни плати и просечни пензии (во декември) по видови од 1991 - 2011 година

| Година | Нето Плата | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупна пензија |
|---|---|---|---|---|---|
| | *во денари* | | | | |
| 1991 | 119,74 | 86,53 | 62,7 | 59,39 | 79,31 |
| 1992 | 1.339,95 | 1.200,50 | 866,83 | 826,32 | 1.032,60 |
| 1993 | 6.315,00 | 5.327,00 | 3.912,00 | 3.742,00 | 4.634,00 |
| 1994 | 8.424,00 | 6.140,00 | 4.500,00 | 4.374,00 | 5.350,00 |
| 1995 | 8.435,00 | 6.438,50 | 4.735,00 | 4.623,50 | 5.609,00 |
| 1996 | 8.931,00 | 6.558,00 | 4.872,50 | 4.707,00 | 5.715,00 |
| 1997 | 9.096,00 | 6.634,00 | 4.969,50 | 4.733,50 | 5.773,00 |
| 1998 | 9.694,00 | 6.607,00 | 5.007,50 | 4.717,00 | 5.751,00 |
| 1999 | 10.029,00 | 7.188,00 | 5.439,00 | 5.132,00 | 6.251,00 |
| 2000 | 10.526,00 | 7.394,00 | 5.563,00 | 5.281,00 | 6.431,00 |
| 2001 | 10.592,00 | 7.498,00 | 5.672,00 | 5.354,50 | 6.535,00 |
| 2002 | 11.550,00 | 7.982,00 | 6.060,00 | 5.673,00 | 6.955,00 |
| 2003 | 11.955,00 | 8.421,00 | 6.425,00 | 5.971,00 | 7.346,00 |
| 2004 | 12.534,00 | 8.492,00 | 6.509,00 | 6.023,00 | 7.428,00 |
| 2005 | 13.125,00 | 8.517,00 | 6.543,00 | 6.018,00 | 7.463,00 |
| 2006 | 13.854,00 | 8.765,50 | 6.746,50 | 6.150,00 | 7.683,50 |
| 2007 | 15.543,00 | 8.947,00 | 6.898,00 | 6.243,00 | 7.848,00 |
| 2008 | 17.363,00 | 10.762,00 | 8.560,00 | 7.739,00 | 9.541,00 |
| 2009 | 20.483,00 | 11.347,00 | 9.079,00 | 8.126,00 | 10.057,00 |
| 2010 | 21.454,00 | 11.615,00 | 9.213,00 | 8.225,00 | 10.273,00 |
| **2011** | **21.415,00** | **12.096,00** | **9.539,00** | **8.473,00** | **10.682,00** |

Табела 13: Учество на пензиите во просечната нето плата

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупна пензија |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 72,3 | 52,4 | 49,6 | 66,2 |
| 1992 | 89,6 | 64,7 | 61,7 | 77,1 |
| 1993 | 84,4 | 61,9 | 59,3 | 73,4 |
| 1994 | 72,9 | 53,4 | 51,9 | 63,5 |
| 1995 | 76,3 | 56,1 | 54,8 | 66,5 |
| 1996 | 73,4 | 54,6 | 52,7 | 64 |
| 1997 | 72,9 | 54,6 | 52 | 63,5 |
| 1998 | 68,2 | 51,7 | 48,7 | 59,3 |
| 1999 | 71,7 | 54,2 | 51,2 | 62,3 |
| 2000 | 70,2 | 52,9 | 50,2 | 61,1 |
| 2001 | 70,8 | 53,5 | 50,6 | 61,7 |
| 2002 | 69,1 | 52,5 | 49,1 | 60,2 |
| 2003 | 70,4 | 53,7 | 49,9 | 61,4 |
| 2004 | 67,8 | 51,9 | 48,1 | 59,3 |
| 2005 | 64,9 | 49,9 | 45,9 | 56,9 |
| 2006 | 63,3 | 48,7 | 44,4 | 55,5 |
| 2007 | 57,6 | 44,4 | 40,2 | 50,5 |
| 2008 | 62,0 | 49,3 | 44,6 | 55,0 |
| 2009 | 55,4 | 44,3 | 39,7 | 49,1 |
| 2010 | 54,1 | 42,9 | 38,3 | 47,9 |
| **2011** | **56,5** | **44,5** | **39,6** | **49,9** |

Учеството на сите видови пензија во однос на просечната исплатена нето плата по работник во 2011 во однос на 2010 година, е зголемена од 47,9% на 49,9%.

**Табела 14:** Структура на корисниците на пензија (без воените и минималните земјоделски пензии) по групи на износи на пензии:

| Групи на износ | Семејни | Структура | Инвалидски | Структура | Старосни | Структура | Вкупно | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во денари | корисници | % | корисници | % | корисници | % | корисници | % |
| до 5.795,50 | 8.984 | 11,8 | 4.938 | 11,0 | 9.919 | 6,4 | 23.841 | 8,6 |
| 5.795,51 - 8.274,50 | 41.939 | 54,8 | 17.644 | 39,3 | 30.234 | 19,4 | 89.817 | 32,4 |
| 8.274,51 - 10.000,00 | 9.826 | 12, 8 | 8.664 | 19,3 | 24.143 | 15,5 | 42.633 | 15,4 |
| 10.000,01 - 15.000,00 | 11.490 | 15,0 | 9.832 | 21,9 | 56.486 | 36,2 | 77.808 | 28,0 |
| 15.000,01 - 20.000,00 | 2.970 | 3,9 | 2.739 | 6,1 | 22.391 | 14,3 | 28.100 | 10,1 |
| над 20.000,01 | 1.321 | 1,7 | 1.078 | 2,4 | 12.843 | 8,2 | 15.242 | 5,5 |
| **Вкупно** | **76.530** | **100,0** | **44.895** | **100,0** | **156.016** | **98,40** | **277.441** | **100,0** |

Од 277.441 корисници на пензија, 23.841 корисници или 8,6% примаат пензија до 5.795,50 денари, што преставува најнизок износ на пензија од трета група на најниските износи на пензија, 89.817 корисници на пензија од 5.795,01, до 8.274,50 денари, што претставува највисок износ од прва група на најниските пензии, односно 113.658 корисници на пензија или 41,0% примаат пензија во висина до 8.274,50 денари што преставува највисок износ од прва група на пензија од најниските пензии.

Останатите корисници на пензија примаат пензија и тоа:

- 42.633 корисници или 15,4% примаат пензија од 8.274,51 до 10.000,00 денари,
- 77.808 корисници или 28,0% примаат пензија од 10.000,01 до 15.000,00 денари
- 28.100 корисници или 10,1% примаат пензија од 15.000,01 до 20.000,00 денари,
- 15.242 корисници или 5,5% примаат пензија над 20.000,01 денари.

**Табела 15**: Број на корисници на пензија кои примаат пензија под гарантираниот најнизок износ на пензија од 5.795,50 денари, поради примање на сразмерен дел од други држави по групи на износи

| **Групи на износи** денари | **Корисници** | **Структура** | **Кумулатив корисници** | **Кумулатив структура** |
|---|---|---|---|---|
| до 500,00 | 1.225 | 5,1 | 1.225 | 5,1 |
| 500,01-1.000,00 | 3.307 | 13,9 | 4..532 | 19,0 |
| 1.000,01-1.500,00 | 1.408 | 5,9 | 5.940 | 24,9 |
| 1.500,01-2.000,00 | 1.245 | 5,2 | 7.185 | 30,1 |
| 2.000,01-2.500,00 | 1.213 | 5,1 | 8.398 | 35,2 |
| 2.500,01-3.000,00 | 1.081 | 4,5 | 9.479 | 39,8 |
| 3.000,01-3.500,00 | 1.080 | 4,5 | 10.559 | 44,3 |
| 3.500,01-4.000,00 | 1.107 | 4,6 | 11.666 | 48,9 |
| 4.000,01-4.500,00 | 1.157 | 4,9 | 12.823 | 53,8 |
| 4.500,01-5.000,00 | 1.152 | 4,8 | 13.975 | 58,6 |
| 5.000,01-5.795,50 | 9.866 | 41,4 | 23.841 | 100,0 |
| **Вкупно** | **23.841** | **100,0** | | |

Според изнесените податоци, 23.841 корисници со најнизок износ на пензија, примаат помал износ од гарантираниот најнизок износ на пензија, поради примање на сразмерен дел на пензија од други држави.

Табела 16. Висина и број на корисници на најнизок износ на пензија од трета група

| Година | Најнизок износ на пензија | Корисници на најнизок износ на пензија од трета група |
|---|---|---|
| 2000 | 3.362,00 | 16.761 |
| 2001 | 3.422,00 | 19.436 |
| 2002 | 3.647,00 | 20.565 |
| 2003 | 3.856,00 | 20.809 |
| 2004 | 3.903,00 | 21.173 |
| 2005 | 3.918,00 | 21.577 |
| 2006 | 4.023,00 | 22.142 |
| 2007 | 4.091,50 | 22.102 |
| 2008 | 5.262,00 | 22.342 |
| 2009 | 5.556,00 | 22.575 |
| 2010 | 5.634,00 | 22.357 |
| **2011** | **5.795,50** | **23.841** |

Учеството на корисниците на најнизок износ на пензија во 2000 година (16.761) во однос на вкупниот број на корисници на пензија (241.221), изнесуваше 6,9%, а во 2011 година изнесува 8,6%, што укажува на фактот дека е зголемено учеството на корисниците на најнизок износ на пензија, кој се гарантира за корисници на пензија кои пензијата ја остваруваат со најмал пензиски стаж.

# IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

На финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во 2011 година, влијание имаа примената на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и движењто на макроекономските индикатори, како и преземените мерки на Фондот околу наплатата на заостанатите неплатени придонеси заклучно со 2008 годинаи тоа:

- придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2011 година се пресметуваше по стапка од 18%, согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување, која имаше влијание врз остварувањето на приходите на Фондот од придонесите,

- макроекономските индикатори, исто така, имаа влијание врз работењето на Фондот. Имено, при планирањето на средствата во Буџетот на Фондот за 2011 година се предвидуваше дека ќе се зголеми вработеноста за 3% , а порастот на платите ќе се зголеми за 4%, и Фондот по тој основ ќе оствари зголемени придонеси. Меѓутоа, овие параметри не се остварија, а порастот на платите во 2011 година во однос на 2010 година изнесуваше 1,2%.

- преземените мерки на Фондот за наплата на заостанатите придонеси заклучно до 2008 година, организирање на регионални средби со обврзниците, изготвување записници, блокада на сметките, имаа влијание на зголемувањето на ненаплатените придонеси од пензиското и инвалидското осигурување. По овој основ, Фондот во 2011 година, наплати околу 334,00 милиони денари. Со средствата што се остварија од придонесите, како и со дозначените средства од Буџетот на Републиката, Фондот во 2011 година оствари вкупни приходи во износ од 43.937,09 милиони денари. Со овие средства и со пренесените средства од 2010 година (766,91 милиони денари), Фондот изврши вкупни расходи во износ од 44.305,77 милиони денари.

Поради остварени пониски приходи, Фондот при исплатата на пензиите во воспоставените рокови, користеше позајмица од Буџетот на Републиката, а истата ја враќаше по исплатата на пензиите и акумулирањето на средствата од придонесите.

Вкупните приходи на Фондот се остварени со 96,1% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот за 2011 година, а во споредба со 2010 година истите се повисоки за 5,9% заради зголемените трансферни средства за покривање на тековниот дефицит, додека вкупните расходи се извршени со 96,9% во однос на планираните средства со Одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите на Буџетот на Република Македонија за 2011 година, а во споредба со 2010 година истите се повисоки за 4,2%.

## 1. Приходи на Фондот

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 43.937,09 милиони денари се остварени од следните извори на финансирање, и тоа:

- **од изворни приходи** (придонес од плата, бенифициран стаж, придонес од физички лица кои вршат дејност и вработени кај нив како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување) се остварени средства во износ од 27.012,55 милиони денари или 61,5% од вкупните приходи,

- **средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 15.704,97 милиони денари или 35,7% од вкупните приходи,

- **од акцизи** се остварени средства во износ од 813,77 милиони денари или 1,9% од вкупните приходи,

- **од дивиденда** се остварени средства во износ од 7,22 милиони денари **и од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 276,35

милиони денари или вкупно 283,57 милиони денари кои во однос на вкупните приходи изнесуваат 0,6%.

- **од други приходи** се остварени средства во износ од 122,23 милиони денари или 0,3% од вкупните приходи.

**Придонесот од плата** се пресметува по стапка од 18% на бруто платата и е основен извор за финансирање на Фондот. Во 2011 година по овој основ се оствpени средства во износ од 25.874,03 милиони денари и истите се остварени под планираните со Буџетот на Фондот (93,7%), а во споредба со остварените приходи од 2010 година се повисоки за 2,9%. Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 58,9% .

Придонесот од плата по месеци во 2011 и 2010 година се движи според следната динамика:

**Табела 17:** Придонес од плата по месеци

| Месеци | Наплатени придонеси | | Индекс | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | | |
| Јануари | 1.712,99 | 1.763,34 | 97,1 | -50,35 |
| Февруари | 2.102,52 | 2.030,38 | 103,5 | 72,14 |
| Март | 2.155,09 | 2.147,99 | 100,3 | 7,10 |
| Април | 2.266,58 | 2.157,81 | 105,0 | 108,77 |
| Мај | 2.043,56 | 1.902,45 | 107,4 | 141,11 |
| Јуни | 2.172,00 | 2.083,45 | 104,2 | 88,55 |
| Јули | 2.245,71 | 2.303,42 | 97,5 | -57,71 |
| Август | 2.098,76 | 1.944,49 | 107,9 | 154,27 |
| Септември | 2.188,97 | 2.113,61 | 103,6 | 75,36 |
| Октомври | 2.055,36 | 2.055,80 | 100,0 | -0,44 |
| Ноември | 2.209,74 | 2.122,86 | 104,1 | 86,88 |
| Декември | 2.622,75 | 2.531,38 | 103,6 | 91,37 |
| **Вкупно** | **25.874,03** | **25.156,98** | **102,9** | **717,05** |

Од табелата се гледа дека придонесот од плата во 2011 во однос на 2010 година е повисок за 2,9%, а по месеци има поголемо остварување во месеците април, мај и август 2011 година.

**Приходите од придонесот од доходот** (346,19 милиони денари), **приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив** (611,23 милиони денари) како и од **индивидуалните земјоделци** (58,91) милиони денари) се остварени во износ од 1.016,33 милиони денари и нивното учество во вкупните приходи изнесува 2,3%.

**Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2011 година по овој основ се дозначени средства во износ од 122,19 милиони денари и истите во споредба со 2010 година (163,90 милиони денари) се пониски за 41,71 милиони денари или за 25,4%, а нивното учество во вкупните приходи на Фондот изнесува само 0,3%. Овие средства од година во година се намалуваат поради намалување на бројот на лицата за кои се плаќа придонес поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување придонесот за пензиско и инвалидско го пресметува и плаќа по стапка од 18,0% на нето основица, наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот а не на основицата од кој е пресметан надоместокот.

**Приходите од акцизите** се остварени во износ од 813,77 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,9%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од нафтените деривати.

**Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 15.704,97 милиони денари и истите се во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот (100,0%), а во споредба со остварените приходи

во 2010 год. (14.218,12 милиони денари) се повисоки за 10,5%. Дозначените средства се однесуваат и тоа:

- 3.929,80 милиони денари за законски обврски (за корисници на минимални земјоделски пензии, воени пензии, борци пред и по 9.9.1943 година, корисници на терет на Републиката, учители, корисници во КПД, како и за исплата на разлики по основ на усогласувањето од 8% за изминат период согласно пресудата на Врховниот суд на РМ),
- 3.420,00 милиони денари за транзициони трошоци, и
- 8.355,17 милиони денари покривање на тековен дефицит.

Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 35,7%. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и претставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување. Приходите од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа, по претходно доставени месечни пресметки од Фондот.

**Приходи од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2011 година се остварени во износ од 283,57 милиони денари и тоа:

- **од дивиденда** се остварени средства во износ од 7,22 милиони денари.
- **од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 276,35 милиони денари, што е помалку за 7,9% од планираните средства со Буџетот на Фондот или 92,1% од планираните со Буџетот.
- **други приходи** се остварени средства во износ од 122,23 милиони денари

Структурата на вкупните приходи во 2011 година е следна:




Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плата 58,9%, од Буџетот на Републиката со учество од 35,7%, или по двата основа учеството на приходите изнесува 94,6%, додека од сите останати приходи остварените средства учествуваат со 5,4% во вкупните приходи.

**Табела 18:** Остварените и планираните приходи на Фондот во 2011година споредени со 2010 година дадени се во следната табела:

| Ред. број | Вид на приход | Буџет за 2011 година | Остварено јануари-декември 2010 | Остварено јануари-декември 2011 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 27.614,08 | 25.156,98 | 25.874,03 | 93,7 | 102,9 |
| 2 | Придонес од доход | 390,00 | 350,14 | 346,19 | 88,8 | 98,9 |
| 3 | Приватен сектор | 590,00 | 587,01 | 611,23 | 103,6 | 104,1 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 42,00 | 43,36 | 58,91 | 140,3 | 135,9 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 179,24 | 163,90 | 122,19 | 68,2 | 74,6 |
| | **Вкупни придонеси** | **28.815,32** | **26.301,39** | **27.012,55** | **93,7** | **102,7** |
| 6 | Приходи од акцизи | 772,00 | 787,57 | 813,77 | 105,4 | 103,3 |
| 7 | **Трансфери од Буџетот на Републиката** | **15.707,38** | **14.218,12** | **15.704,97** | **100,0** | **110,5** |
| | 1. Редовни обврски по закон | 3.838,38 | 4.295,67 | 3.829,40 | 99,8 | 89,1 |
| | 2. Покривање на дефицит | 8.346,00 | 6.718,66 | 8.355,17 | 100,1 | 124,4 |
| | 3. Транзициони трошоци | 3.420,00 | 3.099,99 | 3.420,00 | 100,0 | 110,3 |
| | 4.Трансфер од Министерството за одбрана | 100,00 | 98,78 | 97,60 | 97,6 | 98,8 |
| | 5. Патни трошоци за банско климатска рекреација на пензионерите | 3,00 | 5,02 | 2,80 | 93,3 | 55,8 |
| 8 | Други приходи | 100,00 | 112,17 | 122,23 | 122,2 | 109,0 |
| 9 | Дивиденда | 15,00 | 10,00 | 7,22 | 48,1 | 72,2 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 300,00 | 40,78 | 276,35 | 92,1 | 677,7 |
| | **Вкупни приходи** | **45.709,70** | **41.470,03** | **43.937,09** | **96,1** | **105,9** |

## 2. Расходи на Фондот

Вкупните расходи на Фондот во 2011 година изнесуваат 44.305,77 милиони денари и истите се повисоки за 4,2% во однос на извршените расходи во 2010 година, а во однос на планираните расходи извршувањето изнесува 96,9%.

Расходите на Фондот се однесуваат и тоа:

- **расходите за исплата на пензиите** изнесуваат 35.751,31 милиони денари (35.223,13 милиони денари за редовни пензии, 444,85 милиони денари за воени пензии и 83,33 милиони денари за земјоделски пензии) или 80,7% од вкупните расходи.

- **придонесот за здравствено осигурување** за корисниците на пензија изнесува 4.524,32 милиони денари и истиот во вкупните расходи учествува со 10,2%. Расходите за исплатени пензии заедно со придонесот за здравствено осигурување изнесува 40.275,63 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 90,9%,

- **расходите за исплата на надоместоците од инвалидско осигурување**, **интернатското сместување на деца инвалиди и телесното оштетување** изнесуваат 101,65 милиони денари или 0,2% од вкупните расходи. Надоместоците од инвалидско осигурување изнесуваат 8,12 милиони денари и истите во споредба со расходите од 2010 гододина се намалени за 32,3% како резултат на измените на законските прописи според кои овие надоместоци се трансформираа во инвалидска пензија, а нови права не се остваруваат. Надоместокот за телесно оштетување изнесува 91,91 милони денари, а за интернатско сместување 1,62 милиони денари.

- **трансферот на средства за приватни пензиски фондови** во 2011 година изнесуваат 3.482,61 милиони денари и истите во споредба со 2010 година се повисоки за 9,8% , како резултат на зголемувањето на членовите кои пристапиле во приватните пензиски фондови, а во однос на планираните

средства извршени се со 99,5%. Бројот на осигурениците членови во приватните пензиски фондови на крајот на 2010 година изнесуваше 266.970 (состојба 31.12.2010 година) и истиот на 31.12.2011 година изнесуваат 296.631 членови или повеќе за 29.661 членови, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени. Овие средства се надоместуваат од Буџетот на Републиката.

**- платите на вработените во Стручната служба** на Фондот во 2011 година изнесуваат 273,81 милиони денари или 0,6% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се пониски во споредба со планираните за 5,1% поради заминување на вработени во пензија, а нивното пополнување не е извршено согласно заклучокот на Владата на Република Македонија и во 2011 година да не се вработуваат нови работници. Бројот на вработените со состојба декември 2011 година изнесува 709 вработени.

- **другите расходи** во 2011 година се извршени во износ од 156,19 милиони денари или 0,4% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 86,7%, а во споредба со извршените од 2010 година истите се пониски за 16,8%.

**- капиталните трошоци** се извршени во износ од 11,62 милиони денари кои во споредба со планираните средства за оваа намена во износ од 15 милиони денари преставуваат извршување од само 77,5%.

- **трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 4,26 милиони денари, што преставува извршување од 85,2% од планираните средства, а во споредба со 2010 година се повисоки за 17,7%.

Структурата на расходите е следна:




**Табела 19:** Остварените расходи на Фондот во 2011 година, споредени со оствpените во 2010 година дадени се во следната табела

| **Ред. број** | **Вид на расходи** | **Буџет јануари-декември 2011 година** | **Остварено јануари-декември 2010** | **Остварено јануари-декември 2011** | **Индекс 4:2** | **Индекс 4:3** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1 | Пензии | 35.515,00 | 33.865,55 | 35.223,13 | 99,2 | 104,0 |
| 1а | Со одлука од Собрание на РМ зголемени пензии | 900,00 | | | | |
| 2 | Минимални земјоделски пензии | 95,00 | 120,13 | 83,33 | 87,7 | 80,6 |
| 3 | Воени пензии | 474,00 | 468,36 | 444,85 | 93,9 | 95,0 |
| | **Вкупно пензии** | **36.984,00** | **34.437,32** | **35.751,31** | **96,7** | **103,8** |
| 4 | Плаќања до приватните пензиски фондови | 3.501,00 | 3.172,93 | 3.482,61 | 99,5 | 109,8 |
| 5 | Надомест за телесно оштетување | 92,00 | 92,23 | 91,91 | 99,9 | 99,7 |
| 6 | Надомест од инвалидско осигурување | 12,00 | 8,49 | 8,12 | 67,7 | 95,6 |
| 7 | Интернатско сместување | 5,00 | 2,80 | 1,62 | 32,4 | 57,9 |
| 8 | Вкупно придонест за здравствено осигурување | 4.627,00 | 4.338,25 | 4.524,32 | 97,8 | 104,3 |
| 9 | Плати и надоместоци | 288,50 | 251,55 | 273,81 | 94,9 | 108,8 |
| 10 | Други расходи | 180,20 | 187,68 | 156,19 | 86,7 | 83,2 |
| 11 | Капитални трошоци | 15,00 | 12,59 | 11,62 | 77,5 | 92,3 |
| 12 | Реконструкција на деловни објекти | 5,00 | 3,62 | 4,26 | 85,2 | 117,7 |
| | **Вкупно расходи** | **45.709,70** | **42.507,46** | **44.305,77** | **96,9** | **104,2** |

Остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на Фондот во периодот од 1994 до 2011 година се прикажани во следните табели.

Табела 20: Движење на приходите по години

| Година | Изворни приходи | Агенција за вработување | Буџет | Акцизи | Други приходи | Дивиденда | Продажба на акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1994 | 13.598,92 | 35,78 | 2.944,61 | 835,15 | 79,82 | | | 17.494,28 |
| 1995 | 14.012,00 | 274,81 | 2.830,00 | 857,50 | 36,56 | | | 18.010,87 |
| 1996 | 13.644,78 | 535,43 | 3.289,00 | 778,87 | 31,46 | 47,18 | | 18.326,72 |
| 1997 | 13.735,57 | 816,26 | 3.516,00 | 731,02 | 32,02 | 48,38 | | 18.879,25 |
| 1998 | 14.500,28 | 967,72 | 3.618,57 | 693,86 | 120,87 | 49,94 | 569,48 | 20.520,72 |
| 1999 | 15.979,18 | 863,91 | 3.266,07 | 633,24 | 43,05 | 68,68 | 177,52 | 21.031,65 |
| 2000 | 16.662,36 | 1.100,07 | 4.174,42 | 802,07 | 88,22 | 53,86 | 15,55 | 22.896,55 |
| 2001 | 16.419,97 | 1.126,48 | 5.744,48 | 716,09 | 75,58 | 39,44 | 167,54 | 24.289,58 |
| 2002 | 16.535,92 | 1.403,34 | 6.960,91 | 687,83 | 29,20 | 19,68 | 172,51 | 25.809,39 |
| 2003 | 17.651,84 | 1.536,13 | 7.740,95 | 677,04 | 80,13 | 20,98 | 20,63 | 27.727,70 |
| 2004 | 18.034,17 | 1.718,70 | 8.486,44 | 660,97 | 56,09 | 20,60 | 50,91 | 29.027,88 |
| 2005 | 18.339,08 | 1.549,89 | 8.255,08 | 659,14 | 62,74 | 18,13 | 27,65 | 28.911,71 |
| 2006 | 19.948,52 | 1.219,77 | 9.370,85 | 661,00 | 223,75 | 22,75 | 962,60 | 32.409,24 |
| 2007 | 21.914,23 | 864,98 | 10.378,52 | 681,04 | 151,89 | 5,88 | 56,71 | 34.053,25 |
| 2008 | 25.581,91 | 773,58 | 10.181,99 | 717,40 | 247,71 | 21,48 | 97,63 | 37.621,70 |
| 2009 | 26.279,53 | 256,49 | 14.020,85 | 744,49 | 194,11 | 19,41 | 74,64 | 41.589,52 |
| 2010 | 26.137,49 | 163,90 | 14.218,12 | 787,57 | 112,17 | 10,00 | 40,78 | 41.470,03 |
| **2011** | **26.890,36** | **122,19** | **15.704,97** | **813,77** | **122,23** | **7,22** | **276,35** | **43.937,09** |

Вкупните приходи во 2011 година во однос на 1994 година се зголемени за 151,1%, а во тие рамки изворните приходи за 97,7%, средствата од Буџетот на Републиката за 433,3%. Средствата од акцизите се намалени од 835,15 во 1994 на 813,15 милиони денари во 2011 година. Приходите од Агенцијата за вработување драстично се намалени од 2009 година поради измена на законските прописи, во однос на стекнување на правото, како и во однос на основиците и процентот на пресметки за остварување. Имено, до 2008 година основица беше бруто износот на паричниот надоместок и најниска основица за пресметување и плаќање на придонесот од 65%, а од 2009 година со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување придонесот го плаќа на нето основица на надоместокот а не на основицата од кој е пресметан надоместокот.

Во следниот графикон е прикажано движењето на приходите по години



**Табела 21:** Движење на расходите по години

| Година | Пензии | Надоместоци од инвалидско осиг. | Придонес здравство | Стручна служба | Други расходи капитални | Транзициони трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1994 | 15.404,40 | 391,66 | 2.102,03 | 118,77 | 427,72 | | 18.444,58 |
| 1995 | 15.684,34 | 204,11 | 2.082,07 | 127,20 | 198,97 | | 18.295,69 |
| 1996 | 16.223,17 | 185,26 | 2.217,54 | 128,43 | 170,61 | | 18.925,01 |
| 1997 | 16.694,20 | 179,22 | 2.292,43 | 128,33 | 209,89 | | 19.504,07 |
| 1998 | 17.730,56 | 177,48 | 2.320,67 | 130,17 | 174,52 | | 20.533,40 |
| 1999 | 17.757,99 | 177,80 | 2.450,13 | 132,14 | 163,53 | | 20.681,29 |
| 2000 | 19.745,20 | 173,44 | 2.674,37 | 142,03 | 206,53 | | 22.941,57 |
| 2001 | 21.282,34 | 170,19 | 2.800,73 | 153,37 | 290,23 | | 24.696,86 |
| 2002 | 22.252,52 | 179,85 | 2.927,64 | 164,82 | 352,59 | | 25.880,42 |
| 2003 | 24.028,33 | 182,89 | 3.183,98 | 171,41 | 197,74 | | 27.764,35 |
| 2004 | 25.108,05 | 189,07 | 3.349,18 | 168,89 | 301,62 | | 29.116,81 |
| 2005 | 24.970,08 | 199,61 | 3.416,82 | 171,73 | 272,67 | | 29.028,91 |
| 2006 | 25.410,57 | 224,98 | 3.582,45 | 177,17 | 486,40 | 1.325,14 | 31.206,70 |
| 2007 | 26.305,27 | 247,79 | 3.714,03 | 240,33 | 385,13 | 1.877,00 | 32.769,55 |
| 2008 | 30.953,74 | 115,58 | 4.367,89 | 256,16 | 549,24 | 2.490,53 | 38.733,14 |
| 2009 | 33.537,64 | 107,53 | 4.290,57 | 264,64 | 260,39 | 2.932,20 | 41.392,97 |
| 2010 | 34.437,32 | 103,52 | 4.338,25 | 251,55 | 203,89 | 3.172,93 | 42.507,46 |
| **2011** | **35.751,31** | **101,65** | **4.524,32** | **273,81** | **172,07** | **3.482,61** | **44.305.77** |

Во периодот од 1994 до 2011 година, исто така, се зголемуваа и расходите, како резултат на зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и усогласувањето на пензиите.

Расходите за исплата на пензиите во 2011 година изнесуваа 35.751,31 милиони денари и во споредба со 1994 година се зголемени за 132,1%, надоместоците од инвалидско осигурување се намалени на 25,9% поради префрлување на трошоците за туѓа нега и помош во друга институција и преведување на надоместоците во право на инвалидска пензија во 2008 година, согласно измените на законските прописи, платите на вработените се

зголемени за 130,5%, другите расходи во 2011 година изнесуваат 172,07 милиони денари и истите во однос на претходните неколку години се намалени за износот на поштенските трошоци, за корисниците на пензија кои пензијата ја примаа преку пошта, поради исплата на пензиите преку трансакциски сметки од 2009 година. Вкупните расходи во споредба со 1994 година се зголемени за 140,2%. Од 2006 година, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во Фондот започнаа да се реализираат расходи по основ на пренесување средства во приватните пензиски фондови за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за членовите кои пристапиле во приватните пензиски фондови. Овие расходи се зголемени од 1.325,14 милиони денари во 2006 година на 3.482,61 милиони денари во 2011 година или за 162,8%, заради зголемениот број на членови.

Во следниот графикон е прикажано движењето на расходите по години:



## 3. Финансиски резултат

Во 2011 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 43.937,09 милиони денари и истите во однос на планираните извршени се со 96,1% а вкупните расходи изнесуваа 44.305,77 милиони денари и истите во однос на планираните со Буџетот на Фондот за 2011 година извршени се со 96,9%.

Во 2011 година Фондот оствари вишок на раходи над приходите во износ од 368,68 милиони денари што преставува 0,8% во однос на вкупните приходи.

Со остварените приходи од придонесите и средствата од Буџетот на Републиката, како и од останатите приходи Фондот во 2011 година не обезбедуваше доволно средства за да ја врши исплатата на пензиите во првата недела од месецот за претходниот месец, поради што редовно користеше позајмица од Буџетот на Републиката. Позајмицата Фондот редовно ја враќаше по исплатата на пензиите и акумулирање на средствата од остварените приходи.

Недостигот на средства во 2011 година од 368,68 милиони денари е пренесен во 2012 година.

Имајќи предвид дека и во 2012 година ќе се применува стапка на придонес од 18%, а средствата од Буџетот на Републиката се повисоки само за 5,% во однос на 2011 година, во услови на зголемени расходи за исплата на пензиите и зголемениот број на корисници на пензија, Фондот ќе се соочи со проблеми за обезбедување на средства за редовна исплата на пензиите.

Фондот редовно ќе ја следи финансиската состојба и доколку остварувањето на приходите не го обезбедува извршувањето на расходи во 2012 година и има потешкотии во исплатата на пензиите ќе ги информира надлежните институции за превземање на мерки во насока на подобрување на финансиската состојба.

## 4. Акции и удели

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поседува акции и удели во претпријатијата кои се приватизираат согласно наведениот закон.

Продажбата на акциите и уделите на Фондот е регулирана со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал (“Сл.весник на РМ” бр.105/2010) и Критериумите за продажба на акциите и уделите стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Со измените на член 172-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Сл.весник на РМ”бр. 83/2010), почнувајќи од 1 јануари 2011 година, Фондот може да остварува средства од продажба на акции и удели најмногу до 100% од вкупниот капитал (до 31.12.2010 година постоеше ограничување за продажба до 70% од вкупниот капитал).

Во согласност со Буџетот на Фондот за 2011 година со кој беше предвидено остварување на средства од продажба на акции и удели во вкупен износ од 300,00 милиони денари и наведените законски прописи, на предлог на Комисијата за акции и удели, Управниот одбор на Фондот во 2011 година донесе десет одлуки за продажба на акциите и уделите во пакети и една Одлука за продажба на акциите на Фондот во пакет со акциите на Република Македонија. Овие одлуки беа спроведени во текот на 2011 година согласно

утврдената динамика, освен последните две одлуки кои беа донесени во декември 2011 година и се спроведени во текот на 2012 година. Заклучно со 31 декември 2011 година, беа спроведени осум јавни берзански аукции на кои за продажба беа понудени обични и приоритетни акции од вкупно 195 акционерски друштва и удели од 131 друштво со ограничена одговорност. Продадени се акциите од 30 акционерски друштва и уделите од 28 друштва со ограничена одговорност. Од реализираните трансакции на јавните берзански аукции спроведени во 2011 година остварени се средства во вкупен нето износ од 276,35 милиони денари.

## 5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси

Почнувајќи од 2009 година, со измената на законската регулатива и преминувањето на надлежноста за наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и контрола на неплатените придонеси во Управата за јавни приходи, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување остана надлежноста за наплата на долговите заклучно со 2008 година, како и можноста за дополнителна контрола на утврдувањето на податоците за придонесите, согласно со утврдените сопствени потреби.

Стручната служба на Фондот врз основа на согледаните состојби со неплатените придонеси на обврзниците води постапка за наплата на неплатените придонеси само на активните обврзници согласно законската регулатива, додека за пасивните (ликвидирани) обврзници не води постапка, бидејќи од истите не може да го наплати придонесот. За обврзниците кои имаат отворено стечајни постапки, за неплатениот придонес заклучно со 31.12.2008 година, Фондот поднесува пријавување на побарување во стечајна постапка.

Стручната служба на Фондот во 2011 година имаше многубројни активности за наплата на неплатените придонеси од обврзниците кои се активни и имаат

долгови до 2008 година, како и  за останатите обврзници вршеше активности за ажурирање на базите на податоци за обврзници и осигуреници  (чистење на базите на податоците).

Во текот на 2011 година, Фондот водеше постапка кај останатите обврзници кои не декларирале пресметки за придонес, а се активни во евиденцијата на Фондот, или пак платиле помалку придонес, а од 2.015 обврзници во 2011 година наплатен е придонес и камата за ненавремено плаќање на придонесот средства во износ од околу 334,00 милиони денари.

Од извршените анализи  констатирано е дека долгот на обврзниците се движи од 500  до над еден милион денари.  Најголем  број  на  обврзници  се со долг до 100.000 денари, а  помал е бројот   со  неплатен  долг од  над 1.000.000 денари.

Во 2011 година Фондот преку своите филијали и деловници кои се надлежни за водење на  постапка за присилна наплата изврши контрола на над 6.000 обврзници. Од страна на Фондот сите обврзници  беа  известени за ненаплатените придонеси и обврската за плаќање  со доставување на известувања, записници и решенија за задолжување. На обврзниците кои не го платија придонесот од страна на Фондот,  извршена е блокада на сметкате.

Стручната служба на Фондот во текот на 2011 година одржа и  повеќе средби  со  претставници од обврзниците каде беа разгледувани состојбите и условите за наплата  на ненаплатениот  придонес. Од овие средби се покажа интерес за плаќање на долговите со тоа што дел од нив заради економските состојби во кои се наоѓаат, а заради редовната исплата на бруто платата во 2009, 2010 и  2011 година и определбата понатаму редовно да ги плаќаат обврските кон фондовите и Управата за јавни приходи,  се обраќаа до Фондот да им се овозможи плаќање на долгот на неколку рати.

Фондот и во 2012 година ќе продолжи интензивно да работи на наплата на долговите на обврзниците по основ на неплатени придонеси до 2008 година

преку филијалите и деловниците на Фондот, и ќе продолжи со ажурирање на податоците во базите на обврзници за пресметка и уплата на придонес и за обврзници за плаќање на придонес. Фондот, преку оваа контрола ќе обезбеди точни бази на податоци за обврзниците од кои може да се очекува да се наплати неплатениот придонес.

## 6. Информирање

Информирањето како еден од најважните сегменти за афирмирање на транспарентноста на Фондот во 2011 година, се одвиваше преку веќе воспоставените облици за надворешна и внатрешна комуникација (кон јавноста и вработените во Фондот).

Во 2011 година се овозможи стручно, квалитетно и навремено информирање на осигурениците, обврзниците, корисниците на пензија, како и вработените во Централата, филијалите и деловниците на Фондот, за сите активности и настани од работата на органите на Фондот и пензиското и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Информирањето се одвиваше преку издавање на гласилото за вработените „Информатор", преку Веб страницата на Фондот, весникот на Сојузот на здружението на пензионерите на Македонија , „Пензионер плус", како и преку средствата за јавно информирање (печатени и електронски медиуми).

Заради обезбедување јавност во работата на Фондот, на нашата Веб страница и во „Информаторот", редовно, квалитетно и навремено се објавуваа содржините што се разгледуваа и донесуваа-усвојуваа на седниците на Управниот одбор, како и од состаноците со Стручната служба-Централа на Фондот, прес-конференциите и реализацијата на пензиските проекти, со објавување извештаи, текстови и коментари за афирмација на работата на Стручната служба на Фондот.

Во 2011 година, Групата за комуникации активно и непосредно учествуваше во организирање и реализирање на бројни интерни и состаноци во проширен состав, презентации, стручни предавања, прес-конференции, тркалезни маси и сл., за што јавноста и вработените во Фондот беа навремено и детално информирани.

Издадени се 6 броја на печатеното интерно гласило за вработените "Информатор", на чии страници се објавени вкупно 73 текстови и објавени се и 12 стручни и актуелни текстови во 11 броја од весникот „Пензионер плус“, како и прилози што ја афирмираат пензиската политика и работата на Фондот.

Во весникот „Пензионер плус“ преку пласираните текстови и коментари, пошироката јавност континуирано беше запознаена со целите и задачите, односно работата на Фондот (годишни и квартални извештаи, Програмата за работата на Управниот одбор на Фондот, како и други интересни теми за корисниците на пензија, во врска со пензионерските домови и клубови, објектите за рекреација на пензионерите, бањско-климатската рекреација, усогласувањето на пензиите, солидарниот фонд и др.).

По повод 65-годишнината од пензионерското организирање во нашата држава, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2011 година додели благодарница на Фондот за неговата интензивна и плодна соработка со оваа пензионерска организација, како и на водителот на Групата за комуникации за повеќегодишна редовна и квалитетна застапеност со свои прилози на страниците на весникот „Пензионер плус“.

Групата за комуникација, во 2011 година изготви и објави повеќе соопштенија во дневните весници и тоа за продажбата на акциите и уделите на Фондот, законското и навременото плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, како и пријавите за јавно наддавање и други огласи.

Веб-страницата на Фондот (www.piom.com.mk) која беше целосно редизајнирана во 2011 година е најважен и најсовремен начин на

комуницирање на Фондот со јавноста, а потврда за тоа е нејзината конципираност и физионимираност да служи, односно биде во директна функција на осигурениците, обврзниците, пензионерите и вработените во Фондот. Преку неа се вршеше пласирање на целосни и квалитетни информации, давање квалификувано толкување за одделни практични прашања, но и воспоставување трајна, отворена и взаемна (повратна) комуникација меѓу Фондот и корисниците на нашите услуги. Имено, преку Веб-страницата се постигна уште поголема отвореност кон јавноста и се обезбеди едноставен, но брз, точен и современ пристап до сите важни информации од работата на органите и службите на Фондот, што сé и остануваат во интерес на фирмите.

Исто така и во 2011 година, продолжи да се применува и спроведува докуметот „Граѓански дневник“ на Фондот, како ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги. “Граѓанскиот дневник“ на Фондот, како и описот на услугите што Фондот ги дава на своите корисници, со определени одговорни лица-вработени за секоја услуга одделно, објавени се на Веб страницата на Владата на РМ, www.uslugi.gov.mk. Во изминатата година, преку оваа Веб страница од граѓаните на РМ до Фондот (назначени лица од Групата за комуникации), беа поставени 70 прашања од областа на остварувањето права од пензиското и инвалидско осигурување, на кои најдоцна во рок од 5 дена, беа доставени компетентни и стручни одговори. Исто така, согласно инструментот „Граѓански дневник“, на влезот од Централата, филијалите и деловниците на Фондот се поставени сандачиња со формулари-прашалници за граѓаните-корисници на нашите услуги, кои тие ги пополнуваат и го искажуваат нивното мислење за работата, односот, услужливоста и стручноста на вработените во Фондот. Пополнетите формулари, од Централата, филијалите и деловниците, по електронски пат редовно се испраќаа до

Министерството за информатичко општество и администрација, за разгледување на седници на Владата на РМ.

Во рамките на Одделението за човечки ресурси, активно работеше Комисијата за заштита на правото за јавен пристап до информации на Фондот, како посредник при остварување на правото за слободен пристап до информациите на Фондот, како имател на информации, односно акт. За работата на комисијата за 2011 година е изготвен Извештај кој е составен дел од Годишниот извештај на Комисијата за заштита на правото за јавен пристап на информации при Владата на Република Македонија. Во извештајот содржани се информации од јавен карактер на ниво на Фондот, а се однесуваат главно на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, износот на пензиите, користењето на бањско-климатска рекреација. Во 2011 година беа поднесени вкупно 22 барања од кои на 19 барања позитивно е одговорена а само на 3 барања одговорено е негативно бидејќи се однесувале на барање лични податоци од физички лица.

Во 2011 година, активно се постапуваше по претставките и предлозите пристигнати во Фондот, односно се водеше усна комуникација за поставените поплаки на кои веднаш се одговараше, како и писмена кореспонденција со поднесувачите на претставките.

Во 2011 година преведени се сите материјали за одржаните 25 седници на Управниот одбор на Фондот, 73 текстови за „Информаторот", соопштенија за јавноста, објавените текстови за Веб страницата на Фондот, а се реализира и симултан превод на секоја седница на Управниот одбор.

Во Фондот, заради подобра комуникација со граѓаните, работи и Кол-центарот, (02/15215), кој е отворен за јавноста секој работен ден, преку која се даваат одговори на сите поставени прашања од страна на физичките или правните лица.

## V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### 1. Решавање барања во прв степен

Во текот на 2011 година во филијалите на Стручната служба на Фондот, беа поднесени вкупно 27.723 барања за остварување права од пензиското и инвалидското осигурување, од кои 18.805 први барања за остварување право на пензија (од кои 10.775 за старосна пензија, 2.508 за инвалидска пензија и 5.522 за семејна пензија), 2.320 барања за остварување права од инвалидското осигурување (телесно оштетување, не постои инвалидност, професионална неспособност за работа, општа неспособност за работа ) и 6.598 повторни барања.

**Табела 22:** Вкупен број на поднесени и решени барања по видови, со состојба 31 декември 2011 година

| **Опис** | **Нерешени барања на почетокот на годината** | **Број на поднесени барања во 2011 год.** | **Вкупно за решавае** | **Решени барања** | | **Решени барања до 30 дена** | | **Нерешени барања на крај на годината** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број | % | број | % | број | % |
| Први барања за остварување на пензија | 1.271 | 18.805 | 20.076 | 19.414 | 96,7 | 18.656 | 96,1 | 662 | 3,4 |
| Барања од инвалидско осигурување | 60 | 2.320 | 2.380 | 2.329 | 97,9 | 2.329 | 100,0 | 51 | 0,3 |
| Останати барања | 60 | 6.598 | 6.658 | 6.640 | 99,7 | 6.640 | 100,0 | 18 | 1,4 |
| Вкупно | 1.391 | 27.723 | 29.114 | 28.383 | 97,5 | 27.625 | 97,3 | 731 | 2,6 |
| Решени барања од 35 до 60 дена по сите основи | | | | | | 758 | 3,9 | | |
| **Вкупно решени барања** | | | | | | **28.383** | | | |

Во текот на 2011 година решени се 28.383 барања по сите основи за остварување права од пензиското и инвалидското осигурување, од кои 19.414 први барања за остварување право на пензија.

Бројот на поднесените први барања за остварување право на пензија во 2011 во споредба со 2010 година е зголемен за 1.162 барања или за 6,6%.

Во 2011 година, со започнувањето на примената на Проектот техничка поддршка за дизајнирање на новите процеси за остварување на права и исплата на пензии се воведе целосно автоматизиран процес на работењето, а тоа придонесе до скратување на рокот за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Извесно отстапување на рокот за решавање на правата се забележува кај инвалидските пензии поради неекипираност на лекарските комисии кои работеа со намален број на ресурси (вкупно пет лекари), а Фондот и покрај ова редовно ја извршување својата функција во интерес на корисниците на правата. Од вкупно решени први барања за инвалидска пензија (3.258) во рок до 30 дена решени се 3.053 барања , а 205 барања или 6,3% од вкупно решените барања решени се од 35 дена до 6 месеци.

Во 2011 година, заедно се пренесените барања од 2010 година, вкупно за решавање имаше 20.076 први барања од кои решени се 19.414 или 96,7%. Постапката за решавање на барањата трае до 30 дена; од 30-40 дена и од 40-60 дена. Во рок од 30 дена решени се 18.656 барања, или 96,1%, а од 35 до 60 дена решени се 758 барања или 3,9%. Барањата кои се целосно комплетирани, се решаваат веднаш (до 30 дена), додека за предметите нецелосно комплетирани, постапката трае подолго, односно до обезбедување на податоците од подносителот на барањето за потврдување на пензискиот стаж за лицата кои работеле во приватни фирми.

Во 2011 година од вкупно 19.414 решени први барања, 10.633 се однесуваат за старосна пензија или 54,8%, 3.258 или 16,8% за инвалидска пензија и 5.523

барања за семејна пензија. Структурата на решените барања дадена е во следниот графикон:




На крајот на 2011 година имаше нерешени 662 барања или 3,4% од вкупниот број за решавање. Најголем заостаток на нерешени барања има во филијалите и тоа: во Куманово (127), Охрид (103), Кочани (90) , Штип (84), Скопје (65), Прилеп (44) и Кавадарци (40), поради некомплетираноста на предметите во врска со стажот и платите кои се битни елементи за остварување право на пензија.

Бројот на поднесените барања за остварување права од инвалидското осигурување (телесно оштетување, не постои инвалидност и професионална и општа неспособност за работа) во 2011 година, изнесува 2.320 барања и заедно со нерешените 60 барања од 2010 година, вкупно за решавање имаше 2.380 барања. Од овој број се решени 2.329 барања или 97,9%

Во текот на 2011 година беа поднесени 4.753 барања за утврдување на пензиски стаж за сите видови на осигурување. Бројот на поднесените и решени барања, во споредба со 2010 година е зголемен за 1.146 барања или за 31,8%. Во 2011 година решени се сите 4.753 барања, односно утврдено е својство на

осигуреник за сите поднесени барања и за истите донесени се решенија за прием во осигурувањето. Зголемувањето на решените барања во 2011 година во споредба со 2010 година, е резултат на поголем број поднесени барања.

Вкупно решените први барања по сите основи (за остварување на пензија, барања од инвалидско осигурување и барања за утврдување на пензиски стаж) во 2011 година изнесува 26.496 и во споредба со 2010 година (24.515) зголемени се за 1.981 барање, или за 8,1%.

Решените барања по сите основи, во 2011 во споредба со 2010 година, се дадени во следниот графикон:



**Табела 23:** Движење на примените и решени барања по сите основи (старосна, инвалидска и семејна пензија, надоместоци од инвалидско осигурување, пензиски стаж и останати барања), во периодот од 1991 до 2011 година

| Година | Нерешени барања на почетокот на годината | Примени барања | Вкупно за решавање | Решени барања | Нерешени барања на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 1.159 | 49.688 | 50.847 | 50.101 | 746 |
| 1992 | 746 | 54.819 | 55.565 | 53.360 | 2.205 |
| 1993 | 2.205 | 56.921 | 59.126 | 54.906 | 4.220 |
| 1994 | 4.220 | 37.480 | 41.700 | 40.594 | 1.106 |
| 1995 | 1.106 | 42.555 | 43.661 | 42.727 | 934 |
| 1996 | 934 | 39.357 | 40.291 | 39.160 | 1.131 |
| 1997 | 1.131 | 34.857 | 35.988 | 35.193 | 795 |
| 1998 | 795 | 39.407 | 40.202 | 39.659 | 543 |
| 1999 | 543 | 36.160 | 36.703 | 36.060 | 643 |
| 2000 | 643 | 41.723 | 42.366 | 41.642 | 724 |
| 2001 | 724 | 41.227 | 41.951 | 41.375 | 576 |
| 2002 | 576 | 39.784 | 40.360 | 39.372 | 988 |
| 2003 | 988 | 39.868 | 40.856 | 40.102 | 754 |
| 2004 | 754 | 41.202 | 41.956 | 40.823 | 1.133 |
| 2005 | 1.133 | 38.269 | 39.402 | 38.635 | 767 |
| 2006 | 767 | 36.053 | 36.820 | 36.217 | 603 |
| 2007 | 603 | 37.262 | 37.865 | 37.163 | 702 |
| 2008 | 702 | 34.546 | 35.248 | 34.837 | 411 |
| 2009 | 411 | 31.575 | 31.986 | 31.568 | 418 |
| 2010 | 418 | 32.160 | 32.578 | 31.187 | 1.391 |
| **2011** | **1.391** | **32.476** | **33.867** | **33.136** | **731** |




Од приложените податоци во табелата, може да се согледа дека бројот на поднесените и решени барања почнувајќи од 2000 година, почнуваат да се намалуваат како резултат на заострувањето на условите за остварување право на пензија во согласност со измените во законската регулатива, односно остварувањето право на пензија. Во 2011 година се забележува благ пораст на примените и решените барања кај сите видови на пензија.

## 2. Изготвување решенија за права во втор степен

До Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на права во втор степен по предметите од пензиското и инвалидското осигурување во текот на 2011 година, беа поднесени 1.408 жалби и заедно со нерешените жалби ( 105 од 2010 година) вкупно за решавање имаше 1.513 жалби. Во споредба со 2010 година кога беа поднесени 2.105 жалби, во 2011 година има намалување на бројот на поднесените жалби за 697 или за 33,2%. Од вкупниот број на жалби, изготвени се 1.513 решенија или 100% за пероидот до 21.10.2011 година.

Табела 24: Број на поднесени и решени жалби од 1991 - 2011 год.

| **Година** | **Поднесени барања** | **Вкупни барања за решавање** | **Решени барања** | **% на решени барања во однос на вкупните барања** |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 3.413 | 3.466 | 3.222 | 93 |
| 1992 | 3.187 | 3.431 | 3.343 | 97,4 |
| 1993 | 4.010 | 4.098 | 3.770 | 92 |
| 1994 | 4.988 | 5.316 | 4.622 | 86,9 |
| 1995 | 5.054 | 5.748 | 5.461 | 95 |
| 1996 | 3.870 | 4.157 | 3.764 | 90,5 |
| 1997 | 4.394 | 4.787 | 3.504 | 73,2 |
| 1998 | 3.738 | 5.021 | 4.640 | 92,4 |
| 1999 | 2.990 | 3.371 | 3.087 | 91,6 |
| 2000 | 2.805 | 3.089 | 2.956 | 95,7 |
| 2001 | 3.706 | 3.839 | 3.526 | 91,8 |
| 2002 | 3.767 | 4.080 | 3.833 | 93,9 |
| 2003 | 3.880 | 4.127 | 3.850 | 93,3 |
| 2004 | 3.497 | 3.774 | 3.599 | 95,4 |
| 2005 | 2.939 | 3.114 | 2.876 | 92,4 |
| 2006 | 2.750 | 2.988 | 2.871 | 96,1 |
| 2007 | 2.975 | 3.092 | 2.954 | 95,5 |
| 2008 | 2.905 | 3.043 | 3.004 | 98,7 |
| 2009 | 2.243 | 2.281 | 2.156 | 94,5 |
| 2010 | 2.105 | 2.230 | 2.125 | 95,3 |
| **2011** | **1.408** | **1.513** | **1.513** | **100** |

Соодносот на решените барања во однос на вкупните барања, во периодот од 1991 до 2011 година, даден е во следниот графикон:




Бројот на решените жалби во 2010 и 2011 година прикажан е во следниот графикон:




Од вкупниот број (1.513 решени жалби) структурата на донесените решенија е следната:

- 659 или 43,6% се однесуваат на старосна и семејна пензија,

- 652или 43,1% се однесуваат на правата од инвалидското осигурување, односно инвалидски пензии и продолжено право на распоредување на друга работа како и продолжување на правото на работа со скратено работно време,

- 77 или 5,1% се однесуваат на правата по меѓународни конвенции,

- 94 или 6,2% се однесуваат на спорен пензиски стаж и

- 31 решение или 2,0% се однесуваат на правата од земјоделското осигурување (обврзници на данок од приход од вршење на земјоделска дејност).

Структура на донесените решенија :




Во 2011 година поништени се вкупно 173 решенија, или 11,4% од вкупно донесените нацрт-решенија (1.513), а 12 решенија или 0,8% се изменети . Поништените решенија се вратени на повторна постапка. Од нив

- 83 решенија се однесуваат на погрешна оцена на работната способност,

- 2 решенија поништени се во делот на земјоделското осигурување поради погрешна примена на прописите и непостапување по правното становиште на Фондот,

- 68 решенија поништени се поради погрешно утврдени податоци за стаж и плата, и погрешно утврден почеток на правото на исплата на пензијата ,

-12 решенија поради утврдени податоци во матичната евиденција без соодветни докази и

- 8 решенија во делот по меѓународни договори кои се однесуваат на погрешна примена на одредбите на договорите за социјално осигурување.

Во делот на остварувањето на правата, во 2011 година изменети се 12 решенија, односно мериторно е одлучено по нив и тоа по 7 решенија од инвалидско осигурување, 2 решенија по пензиско осигурување и 3 решенија по меѓународни договори.

Во извештајниот период, до филијалите на Стручната служба на Фондот, дадена е претходна согласност за правилно постапување при признавањето право од пензиското и инвалидско осигурување на 17 барања.

Во исполнение на пресудите на Управниот суд на Република Македонија, беа подготвени 116 решенија, од кои 41 решение или 35,3% е негативно, а 75 решенија или 64,7% се поништени и вратени на првостепениот орган, со што е потврдена законитоста на решенијата донесени од Комисијата на Владата на Републиката за решавање во втор степен по предметите од пензиското и инвалидско осигурување.

Од Управниот суд поднесени се 380 барања за доставување на пресуди по заведен управен спор, а од Комисијата на Владата доставени се 217 одговори на тужбените барања и 39 одговори жалби до Управниот суд.

Од вкупно 1.513 решени предмети, 935 предмети се со подготвени решенија (785 се решенија во постапка по жалба и 150 решенија се во исполнение на пресудите на Управниот суд), а по 578 предмети донесени се решенија.

Подготвените 935 решенија не се донесени од Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен по предметите од пензиското и инвалидското осигурување, бидејќи престана мандатот на претседателот на Комисијата на Владата од 1 јули 2011 година.

Од 21.10.2011 година стапи на сила Законот за Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, според кој второстепената постапка и управните спорови преоѓаат во надлежност на оваа комисија. Со преодната одредба од членот 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос ( Сл весник на РМ бр: 51 од 13.04.2011 година) , започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред Комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во Управна постапка во втор степен за одделни управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

Во извештајниот период, одговорено е на 98 претставка од Народниот правобранител, претставки поднесени од Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, осигуреници, корисници на пензија, како и од работни организации. Со Законот за изменување и доплнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување (Сл.весник 51/2011) престанува функцијата на Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен по предметите од пензиско и инвалидско осигурување. Со истиот закон изменет е членот 141 од Законот за ПИО , според кој против решенијата донесени во прв степен подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Започнатите постапки пред Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни

управни работи се завршени од страна на Комисијата во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на Законот за основање на Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (Сл.весник на РМ 51/2011), односно истите се завршени со 21 октомври 2011 година.

Во март и април, како и во ноември и декември 2011 година, беше извршен надзор и инструктажа во филијалите и деловниците на Фондот во насока на примената на придобивките од пензискиот проект, односно функционирањето на електронскиот предмет во сите негови фази од поднесување на барање до донесување конечно решение и исплата на пензијата.

## 3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување

Во 2011 година Фондот, на ПИОМ продолжи да ги извршува тековните работи во спроведувањето на билатералните договори за социјално осигурување како надлежен орган за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување по истите. Во извештајниот период влегоа во сила три меѓународни договори за социјално осигурување и тоа :

- Договорот со Австралија стапи во сила на 01.04.2011год.
- Договорот со Црна Гора стапи во сила на 01.08.2011 год.
- Договорот со Канада стапи во сила на 01.11.2011 год.

Во текот на 2011 година, Фондот учествуваше со свој претставник на државните преговори за склучување на меѓународни договори за социјално осигурување и тоа:

- Во мај 2011 година во Скопје се одржаа преговори меѓу македонската и албанската делегација и беше разгледан нацрт текстот на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Албанија;

-Во ноември 2011 година, исто така, во Скопје се одржаа преговори помеѓу македонската и италијанската делегација за утврдување на Административната спогодба за спроведување на Договорот помеѓу двете земји за социјална сигурност, парафиран на 1 декември 2010 година;

- Во март 2011 година, во просториите на Фондот се водени разговори со претставници на словенечкиот фонд, на кои беа разрешени одредени спорни прашања и проблеми при примената на Договорот помеѓу двете земји.

Во Одделението за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување при Централата на Стручната служба во 2011 година, од осигуреници или преку странски носители на осигурување поднесени се 4.642 први барања за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување и други барања (барања за обнова на постапка, ускратни решенија за семејна пензија и за најнизок износ на пензија). Од вкупниот број на барања за остварување на права од пензиското и инвалидско осигурување во Република Македонија, австралиски се 2.673 барања. Заедно со нерешените барања од 2010 (73), во 2011 година, вкупно за решавање имаше 4.715 барања. Од вкупниот број, решени се и контролирани 3.939 барања, или 83,6% , а нерешени на крајот на годината останале 776 барања или 16,4%.

**Табела 25:** Број на барања за решавање и решени барања

| Ред. број | Опис | 2010 година | 2011 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пренесени барања | 91 | 73 | |
| 2 | Примени барања | 2.225 | 4.642 | 205,9 |
| 3 | Вкупни барања | 2.316 | 4.715 | 203,5 |
| 4 | Решени барања | 2.243 | 3.939 | 175,6 |
| 5 | Нерешени барања | 73 | 776 | |




Бројот на решените барања во 2011 во споредба со 2010 година, е зголемен за 1.696 барања или за 75,6 %, а нерешените барања на крајот на 2011 година изнесуваат 776 барања и во споредба со 2010 година, се зголемени за 703 барања.

Од горе наведените податоци може да се констатир а дека, оваа година поднесените барања се зголемени двапати повеќе во однос на претходната 2010 година, а исто така, доста е зголемен и бројот на решените барања . Ова се должи како резултат на стапувањето во сила на Договорот за социјално осигурување со Австралија од каде одеднаш се зголеми бројот на поднесени барања за остварување на правата по разни основи, согласно Договорот.

Од вкупно 4.961 поднесени барања, Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија за Австралија поднесе 2.288 барања за остварување на права по нивни прописи.

Во текот на 2011 година извршени се и други задачи, и тоа:

- До странските носители на осигурување обработени се на двојазични обрасци и поднесени 2.919 барања за пензии;

- По поднесените барања за остварување право на пензија, водена е кореспонденција со странките, филијалите и странските носители, со цел за докомплетирање на барањата и побрзо остварување на правата (7.893 кореспонденции);

- Покрената е постапка по 348 барања за утврдување на пензиски стаж наврШен во странство за осигуреници кои не остваруваат право на пензија и реципрочно за потребите на странските носители потврден е македонскиот стаж со двојазични обрасци;

- Дадени се на Првостепената инвалидска комисија за оцена на работната способност 317 предмети;

- Даден е одговор на 82 дописи.

На 8 и 9 февруари 2011 година во Скопје беа одржани советодавни денови за примена на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република

Македонија и Германија каде се разгледувани прашања за утврдување на стажот и постапката за остварување на пензија.

Во Маврово, од 11 до 15 април 2011 година на покана од Советот на Европа и Европската Комисија беше одржана Регионална обука на Европската комисија и Советот на Европа за прописите за социјална заштита и координација, на која присуствуваа и претставници од Одделението за спроведување на меѓународни договори во Фондот.

На 27 и 28 октомври 2011 во Скопје беше одржана средба со претставниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и на Црна Гора, на која средба се преставуваа пензиските системи на Република Македонија и Република Црна Гора , се разменуваа искуства и прашања кои се однесуваат на спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување во двете држави и прашања во врска со спроведување на Договорот за социјално осигурување .

На 15 и 16 ноември 2011 година се одржа средба на директорите на пензиските фондови од поранешните Ју–републики на која се разгледуваа прашања за електронска размена на податоците помеѓу носителите на социјално осигурување, актуелните проблеми при примената на договорите за социјално осигурување, одржувањето почести разговори на ниво на органи за врска и продолжувањето на овие средби на ниво на директори и во иднина.

Во 2011 година, исто така, беше изготвен и План за отворени денови во филијалите на Фондот за осигурениците кои оствариле стаж во странски држави . Првата средба се одржа во Битола со претставници од Одделението за спроведување на меѓународни договори и осигурениците. Втората средба се одржа во Гостивар и истите ќе продолжат и во другите места низ Македонија во текот на 2012 година.

Во непосредното спроведување на меѓународните договори во Фондот, во текот на 2011 година, извршен е превод на 6.635 страници (од француски на македонски јазик и обратно 2.056 страници, од англиски јазик на македонски јазик и обратно 1.294 страници, од италијански јазик на македонски јазик и обратно 564 страница и 2.721 страници од германски јазик на македонски јазик). За потребите на странските носители за социјално осигурување користени се и надворешни преведувачи за превод на 254 страници од чешки јазик, полски, унгарски, бугарски, шведски, турски, словачки, холандски, грчки, романски, фламански, дански, англиски и од словенечки на македонски јазик, пополнувани се еднојазични формулари за пензии, издавани се потврди за живот, преведувани се формулари за преговори по новите договори, како и други задачи од областа на ова осигурување.

## 4. Работа на Комисијата за оцена на работна способност

Во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување, од големо значење е оценката на работната способност, бидејќи по основ на инвалидност и телесно оштетување се остваруваат и долгорочни материјални права од сферата на пензиското и инвалидско осигурување.

Согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, инвалидност кај осигуреникот постои кога поради трајни промени на здравствената состојба на осигуреникот причинети со повреда на работа, професинална болест, повреда надвор од работа или со болест, што не можат да се отстранат со лекување или со мерки на медицинска рехабилитација, настапи намалување или загубување на работната способност за вршење на работите на работното место на кое работникот бил распореден пред настапување на инвалидноста.

Инвалидноста кај осигуреникот, како основ за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување се утврдува во Фондот преку Комисијата за оцена на работната способност, која врши детален увид во медицинската и другата доставена документација, како и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

Во 2011 година Комисијата за оцена на работната способност работеше во два состави од по двајца лекари – специјалисти. Комисијата за задолжителен контролен преглед работеше во еден состав од по три лекари, а Комисијата за утврдување на комплетност и уредност на документацијата работеше со еден член, а повремено за да се комплетираат навреме предметите како комплетанти беа ангажирани и останатите лекари.

Комисијата за оцена на работна способност како единствен надлежен орган, по утврдување на фактичката состојба и извршениот преглед донесуваше наод, оценка и мислење за загубена работна способност, за утврдена преостаната работна способност, за процент на телесно оштетување, наод за утврдување на неспособноста за работа, остварување на правото на семејна пензија на член од семејството како и наод за утврдување на инвалидноста кај инвалидизираното лице, а со цел за вработување на истото во заштитна работилница и непосредна опасност од настанување на инвалидност и друго.

Исто така, согласно Законот за социјална заштита, Комисијата носеше наод, оценка и мислење за остварување на правото на постојана парична помош, утврдува статус на инвалидно лице согласно Законот за инвалидни лица и друго.

Во 2011 година, до Првостепената инвалидска комисија се пристигнати и заведени 5.782 предмета за оцена на работната способност. Споредено со 2010 година кога биле поднесени 7.304 предмети , се евидентира намален број на пристигнатите барања за 1.522 предмети или 20,8%.

Во текот на извештајната година, од вкупно простигнатите и заведени предмети се постапило по следните предмети:

1. Примени и заведени барања - 5.782
2. Комплетирани предмети и поканети странки во постапка на остварување на права по основ на инвалидност - 5.586
3. Комплетирани предмети и поканети странки во постапка на задолжителен контролен преглед - 506,
4. Пратени писма до странки за докомплетирање на работна и медицинска документација - 629.
5. Пратени писма до филијали за отфрлање на барањата заради недоставување на работна и медицинска документација - 79
6. Пратени писма до странката по барање на ревизионата комисија за докомплетирање на медицинската документација - 176 .

За некомплетните предмети од страна на Одделението за оцена на работната способност, се подготвувале дописи за нивно докомплетирање за донесување на соодветен наод, оценка и мислење по барањето . Се констатира дека во најголем дел предметите не се комплетирани со соодветна медицинска документација, има недостиг на образец бр.3, предлог за медицинско вештачење од матичниот лекар , образец А1 ,-условите за работа и работни задачи , преглед на податоци за стаж и плати. Исто така, кај дел од барањата постоела декумнетација со изминат рок, или преуранети барања за повторна оценка на работната спосоност, Дел од предметите се враќаат во филијалите, бидејќи осигурениците не се јавиле на две и повеќе покани од страна на Комисијата.

Комисијата за комплетност и уредност на предметите во 2011 година ги реализирала следните активности и тоа:

915 предмети се вратени до филијалите заради запирање на постапката за оцена на работната способност поради разни причини ( преурането барање, без минимум медицинска документација , немање на 1/3 стаж по член 63 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, спојување со стар предмет, утврдување на странски стаж, странката не се јавила двапати на покана или е починат барателот) .

Во текот на 2011 година, Одделението за оцена на работната способност постапуваше и по 131 предмети за вработување на инвалидни лица согласно член 2 од Законот за вработување на инвалидни лица.

Комисијата за оцена на работна способност во 2011 година постапуваше по доставени 5.586 барања и 1.525 предмети кои не биле решение во 2010 година, или вкупно 7.111 предмети. Од овој број на предмети, а врз основа на утврдената фактичка состојба во 2011 година донесени се вкупно 3.987 наоди, или за 31,8% помалку во споредба со 2010 година. Намалувањето на бројот на предметите по коишто е донесен соодветен наод е поради намалувањето на бројот на стручни лица ( лекари специјалисти ), поради што Комисијата не е во состојба навремено да постапи по сите барања. Поради овие причини, просечно дневно се постапува по 24 доставени покани за непосреден преглед и донесување на наод.

Од вкупниот број на 7.111 предмети, Комисијата донесе 3.313 наоди за оценка на работната способност, два наоди за здравствена заштита и 201 наод за утврдување на процентот на телесно оштетување.

Структурата и видот на вештачените барања во 2011 е следната:

- 1.273 барања или 38,4% за остварување на правото на инвалидска пензија, и тоа: 801 барање или 62,9% за општа неспособност, 8 барања или 0,6% и понатаму општа неспособност за работа, и 464 барања или 36,5 % професионална неспособност за работа со право на пензија;

-110 барања или 3,3% за намалена работна способност со скратено работно време;

- 53 барања или 1,6% за промена на работното место;

- 138 барања или 4,2% и понатаму намалена работна способност;

- 455 барања или 13,7% лекувањето е незавршено;

- 675 барања или 20,4% не постои инвалидност;

- 20 барања или 0,6% други случаи ;

- 385 барања или 11,6% повторни прегледи;

- 118 барања или 3,6% за семејна пензија, и

- 86 наоди или 2,6% за странски носители на осигурување

**Tabela 26:** Преглед на решени барања за оцена на работната способност по видови во 2011 и 2010 година дадени се во следната табела:

| **ред. број** | **Вид на случаи** | **2010 година** | | **2011 година** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | структура | број | структура | 2011/2010 |
| 1 | Општа неспособност за работа | 1.486 | 32,5 | 1.273 | 38,4 | 85,7 |
| 2 | Скратено работно време | 135 | 3,0 | 110 | 3,3 | 81,5 |
| 3 | Промена на работа | 120 | 2,6 | 53 | 1,6 | 44,2 |
| 4 | И понатаму намалена работна способност | 250 | 5,5 | 138 | 4,2 | 55,2 |
| 5 | Лекувањето не е завршено | 632 | 13,8 | 455 | 13,7 | 72,0 |
| 6 | Не постои инвалидност | 1.241 | 27,2 | 675 | 20,4 | 54,4 |
| 7 | Други случаеви | 19 | 0,4 | 20 | 0,6 | 105,3 |
| 8 | Повторни прегледи | 421 | 9,2 | 385 | 11,6 | 91,5 |
| 9 | Семејна пензија | 175 | 3,8 | 118 | 3,6 | 67,4 |
| 10 | Наоди за странски носители | 93 | 2,0 | 86 | 2,6 | 92,5 |
| | ВКУПНО I | 4.572 | 100,0 | 3.313 | 100,0 | 72,5 |
| 1 | Здравствена заштита | 14 | 0,7 | 2 | 0,3 | 14,3 |
| 2 | Телесно оштетување | 254 | 28,6 | 201 | 29,8 | 79,1 |
| 3 | Контролен преглед | 1.003 | 70,7 | 471 | 69,9 | 47,0 |
| | ВКУПНО II | 1.271 | 100 | 674 | 100 | 53,0 |
| | **ВКУПНО (I+II)** | **5.843** | | **3.987** | **100** | **68,2** |

Структурата на вештачените барања може да се види од следниот графикон:




Според податоците во табелата во 2011година во однос на 2010 година се гледа дека е намален бројот на решените барања за право на пензија со општа и професионална неспособност за работа за 14,3%, а постои и намалување на решените барања за лекувањето не е завршено за 28,0% и не постоење инвалидност за 45,6%.

**Табела 27.** Бројот на донесените наоди за оцена на работната способност по години е следниот:

| Година | Оцена на работната способност | Телесно оштетување | Туѓа нега и помош | Други барања | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 15.074 | 498 | 1.448 | 11.191 | 18.211 |
| 1992 | 13.080 | 359 | 1.209 | 1.105 | 15.761 |
| 1993 | 14.347 | 258 | 1.523 | 457 | 16.585 |
| 1994 | 13.114 | 327 | 1.783 | 558 | 15.782 |
| 1995 | 12.529 | 323 | 3.128 | 726 | 16.706 |
| 1996 | 10.773 | 315 | 5.157 | 845 | 17.090 |
| 1997 | 13.493 | 458 | 6.088 | 475 | 20.514 |
| 1998 | 13.796 | 510 | 7.057 | 414 | 21.777 |
| 1999 | 11.940 | 492 | 9.380 | 383 | 22.195 |
| 2000 | 10.738 | 467 | 11.357 | 379 | 22.941 |
| 2001 | 11.557 | 436 | 13.441 | 220 | 25.654 |
| 2002 | 10.530 | 423 | 16.364 | 277 | 27.594 |
| 2003 | 10.762 | 456 | 14.090 | 317 | 25.625 |
| 2004 | 8.936 | 421 | 15.544 | 238 | 25.139 |
| 2005 | 8.770 | 432 | 15.797 | 146 | 25.145 |
| 2006 | 8.450 | 402 | 13.273 | 293 | 22.418 |
| 2007 | 7.397 | 345 | - | 963 | 8.705 |
| 2008 | 6.605 | 297 | | 1.689 | 8.591 |
| 2009 | 6.221 | 358 | | 1.069 | 7.648 |
| 2010 | 4.479 | 254 | | 1.110 | 5.843 |
| **2011** | **3.225** | **201** | | **561** | **3.987** |

Според податоците од табелата произлегува дека и во 2011 година продолжи тенденцијата на намалување на донесените наоди за оцена на работна способност во однос на претходните години, почнувајќи од 2004 година.

Комисијата за задолжителен контролен преглед на корисниците на времена инвалидска, односно семејна пензија, во периодот од 01.01 до 31.12 2011 година, вештачела во 471 случаи. Од нив, 356 предмети се пратени до

Комисијата за ревизија на наод, оценка и мислење со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа. Комисијата за ревизија потврдила 313 наоди или 88% , а непотврдила 43 наоди или 12%. Во 2011 година според донесените наоди на Комисијата за задолжителен преглед и Комисијата за ревизија се укинати 169 пензии со оценка дека не постои категорија на инвалидност која повлекува право на пензија.

Согласно член 139-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/2004) утврдено е наодот, оцената и мислењето на Комисијата за оцена на работната способност со кои е утврдена инвалидноста, односно неспособност за работа, врз основа на кои се стекнува право на пензија, да подлежи на преоцена – ревизија од Комисијата за преоцена-ревизија на наодот, оценката и мислењето за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа.

Врз основа на комплетната евиденција на вратените наоди од Ревизионата комисија е утврдена следната состојба:

| **2011** | **загубена работна способност** | **негативни наоди** | **задолжителен контролен преглед позитивни наоди** | **задолжителен контролен преглед негативни наоди** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1218 | 929 | 301 | 55 | 2.503 |
| Потврдени | 1209 | 820 | 277 | 36 | 2.342 |
| Непотврдени | 9 | 109 | 24 | 19 | 161 |

Во 2011 година по барање на Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика доставени се 929 негативни наоди. Од овие,

Комисијата за ревизија потврдила 820 наоди или 88,3% од вкупниот број на негативни наоди, а непотврдени се 109 наоди или 11,7% .

Исто така, се доставени и 1.218 позитивни наоди до Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, од кои се потврдени 1.209 наоди или 099,3%, а непотврдени се 9 наоди или 0,7 %.

## 5. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење

Во 2011 година Фондот, во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ( Сл.весник на РМ 153/2007 ), кој стапи на сила во 2011 година, во делот на стажот на осигурување со зголемено траење, односно со стапување на сила на Правилникот донесен од Министерот за труд и социјална политика за работните места на кои е предвиден стаж за осигурување со зголемено траење, прекината е постапката во врска со утврдувањето на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, како и со обврската да се врши ревизија на работните места на кои е веќе утврден стажот со зголемено траење.

Имено, со измените на член 126 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, предвидено е дека работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење се утврдуваат со Правилник донесен од Министерот за труд и социјална политика, а по претходно добиена согласност од страна на соодветни стручни установи.

Од тие причини, со стапување на сила на измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Правилникот, престануваат да важат одлуките за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, донесени од Управниот одбор на Фондот од 01.01.1975 до 31.12.2010 година.

Управниот одбор на Фондот на  на седницата одржана на 30.03..2011 година ги укина сите одлуки донесени во наведениот период во врска со работните места на кои стасжот за осигурување се смета со зголемено траење.

Исто така со измените  на членот 127 од  истиот Закон за изменување  и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување е утврдено дека доколку  некои работни места на кои стажот за осигурување  што се смета со зголемено траење не се опфатени со Правилникот  од членот 126-а постапката за  утврдување на   степенот на зголемување на стажот на осигурување  со зголемено траење на тие работни места ги утврдува Фондот  со општ акт.

Комисијата за стаж на осигурување со зголемено траење  се состанува и ја разгледува добиената документација и по добиено позитивно мислење од страна на Министерството за труд и социјална политика му предлага на Управниот одбор на Фондот за усвојување .

За вака утврдените работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување е предвидена и ревизија од страна на Фондот, најмногу во период од 5 години. Ова од причини што развојот на технолошките процеси може да овозможи промена и на тежината на работата како и  ризиците што доведуваат до промените на  работните места

Во 2011 година до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување од работодавечите нема покрената постапка  во први барања,  како и во  постапка на ревизија,  и не  се  донесени  одлуки од Управниот одбор на Фондот.

## 6. Матична евиденција

Во 2011 година, Стручната служба на Фондот во делот на матичната евиденција ги спроведуваше задачите кои произлегуваат од тековното работење на Службата и задачите кои се однесуваат на спроведување на новите процеси неопходни за функционирање на реформите во пензискиот систем.

Во текот на извештајниот период посебно се истакнаа следните активности:

1. *Имплементација на проектот "Решавање и исплата на пензии"*

Во текот на имплементацијата на новите апликативни решенија за спроведување на постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, паралелно се вршеа и измени и дополнувања на апликативните решенија во насока на нивно подобрување.

Од констатираните проблеми во работењето на деловниците и филијалите на Фондот, произлегоа и посебни барања до развивачот на софтверот за подобрување и усовршување на апликативните решенија.

Како резултат на овие активности произлегоа повеќе измени и дополнувања во апликацијата во делот на матичната евиденција за осигурениците, меѓу кои како позначајни се:

- воспоставување на опција за следење и уточнување на невалидните податоци за стажот на осигурување и платите;
- имплементација на спроведените корекции на основниот идентификатор ЕМБГ во сите табели со податоците за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурувањ;
- определување на службен ЕМБГ

- снимање по автоматски пат, на Прилогот 1 и Прилогот 2 со податоци за осигуреникот во електронската папка на пензискиот предмет;

- заклучување на податоците за стажот на осигурување и платите за лицата кои оствариле право на пензија. Податоците за овие лица ќе можат да се менуваат кога ќе се поднесе барање за обнова на постапката или кога е поведена друга законска постапка поради која треба да се променат податоците во матичната евиденција.

Во текот на овој период се работеше и на разрешување на конкретни проблеми дојавувани од филијалите и деловниците. Комуникацијата со развивачот на софтверот и доставувањето на барањата се одвиваше преку посебна современа апликација (Redmine) за комуникација со која беа овластени дел од раководителите во Централата на Фондот.

## *2. Имплементација на пилот Проектот ”Портокалов плик”*

Пилот проектот ”Портокалов плик” произлезе од потребата за воспоставување на нов вид на комуникација со осигурениците и обезбедување на поголема транспарентност во работењето на Фондот. Основни цели на проектот се:

- зголемување на свеста на граѓаните за нивното право за остварување на пензија која зависи од уредно документираните обврски за платени придонеси преку информирање на граѓаните за уредноста на нивната документација односно регистриран стаж во електронскиот систем на Фондот;

- зголемување на сигурноста во системот преку информирање за висината на пензијата која граѓаните може да ја остварат доколку се пензионираат на 62 односно 64 години старост или подоцна;

- зголемување на довербата во системот преку информирање на граѓаните за своите пензиски права и како истите можат да се остварат.

За почеток со Проектот се опфатија дел од филијалите и деловниците, и тоа Кавадарци, Неготино, Валандово, Македонски Брод и Струга.

За спроведување на овој проект се изготви посебно апликативно решение за генерирање на писма со известувања за осигурениците, а паралелно се спроведе уточнување и утврдување на податоците за стажот на осигурување и платите во споменатите филијали и деловници.

Утврдувањето и уточнувањето на податоците беше со цел да се обезбедат колку што е можно поцелосни и поточни податоци за осигурениците, од каде ќе произлезат и соодветните информации во ”Портокаловиот плик”, за стажот на осигурување, платените придонеси и проценка на пресметката на пензијата на осигурениците кои се две години пред пензионирање, (односно 60 години жена и 62 години маж).

Во октомври 2011 година беа доставени портокалови коверти за 28.967 осигуреници и тоа: во Кавадарци (10.753), Струга (9.458), Македонски Брод (1.132), Валандово (2.733) и во Неготино (4.891).

Од направените анализи од реализацијата на проектот се утврди дека од вкупно доставените известувања над 6.200 или 21,4% од вкупно известените осигуреници се јавиле или директно се обратиле во соодветната филијала на Фондот за комплетирање на податоците за стаж и плати. Од вкупно 6.200 осигуреници за 4.000 осигуреници или 64,5% на лице место било извршено разрешување на некомплетноста на податоците за стаж и плати што укажува дека услугата од страна на филијалите на Фондот е ефикасна и квалитетна. За останатите 2.200 осигуреници потребна била дополнителна постапка за комплетирање на стажот на осигурување и платите, поради тоа што стажот се однесувал од друга држава или пак правниот субјект не постоел. За овие случаеви филијалите на Фондот по службена должност преку размена на податоци со други институции и органи на други држави ги завршуваат

постапките, а со тоа се се овозможува навремено комплетирање на податоците од областа на социјалното осигурување.

*3. Генерирање и утврдување на податоците за стажот на осигурување и платите*

Во филијалите и деловниците на Фондот во континуитет се вршеше генерирање и утврдување на податоците за стаж и плата, но со зголемен интензитет во последното тромесечје од 2011 година. Ова од причина, што човечките ресурси во најголем дел беа насочени во тестирање и имплементација на новата апликација на Проектот за решавање и исплата на пензии.

*4. Имплеметирање на Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење*

Согласно Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (Сл. весник на РМ бр. 32/2011) донесена е Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување единствен кодекс на шифри за внесување податоци во матична евиденција, објавена во Службен весник на РМ бр. 89/2011. За работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење воспоставени се нови шифри за означување на стажот и истите се ажурирани во апликацијата, како и во софтверот за поднесување на МПИН пријави во Управата за јавни приходи.

*5.Склучување на Договори за соработка и размена на податоци со други институции*

Во март 2011 година склучени се договори за соработка и размена на податоци со Министерство за правда- Управа за водење на матични книги и со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

Исто така, изготвени се  и Предлог договори за соработка со Сојуз на здруженија на Македонија, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование и наука- Државен просветен инспекторат.

Во  2011 година  континуирано беа преземани податоци за починати  лица од Министерството за внатрешни работи  и вршена е споредба со податоците за корисниците на права евидентирани во матичната евиденција на Фондот, подготвувани се барања за измени и дополнувања на апликацијата, вршен е надзор и инструктажа во најголем дел од филијалите и деловниците на Фондот, а беа спроведувани  и тековните задачи кои произлегуваа од редовното работење во делот на матичната евиденција.

## 7. Исплата на пензии

Со  имплементација на новиот софтвер  во делот на решавање и исплата  на пензиите, од почетокот на 2011 година воведен е  електронскиот предмет со што во висок степен елиминирана рачната работа и обезбедена автоматска контрола во процесот за исплата  на правата  од пензиското и инвалидското осигурување.

Писмата и документите наменети за странките и индворешните институци кои поднеле одредено барање се скенираат и складираат во електронски предмет.

Имплементирањето на електронскиот предмет обезбедува директен пристап во документацијата на предметите, без физичко движење во хартиена форма.

Исплатата на пензиските примања на корисниците на пензија е една од основните функции на Фондот при спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување. Во 2011 година во првата недела од месецот се вршеше исплата на пензиите за претходниот месец.

Во 2011 година се изврши редовно усогласување на пензиите согласно законските прописи, и тоа: 0,75% од 1 јануари и 2,10% од 1 јули 2011 година.

Во текот на годината се вршени исплати како на корисниците на пензија исто така и на корисниците на телесно оштетување и на парични надоместоци.

Покрај редовната исплата, секој месец Фондот вршеше и рачни исплати на пензии за починати корисници до денот на смртта по барање на наследниците и разлики по решение за изминат период.

За сите нови корисници на пензија одделението за ликвидација и исплата на пензиски примања формираше финансово досие за прво право на корисникот на пензија, негова контрола и потврдување на исплатата.

Со одредбите на Законот за платен промет и Упатството за изменување и дополнување на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата се укина исплатата на пензиите во готово. Последната исплата на пензии во готово ( со упатници) се изврши во декември 2009 година со исплата на пензиите за ноември 2009 година. Последната исплата во готово се изврши во декември 2009 година која се применуваше заклучно со исплата на пензиите за месец ноември 2009 година.

Корисноците на пезија кои после 1 јануари 2010 година не отвориле трансакциска сметка исплатата на пензијата им беше стопирана се до отварање на трансакциска сметка.

Во 2011 година целокупната исплата Фондот ја вршеше преку трансакциски ски сметки на корисниците на пензија..

Фондот во 2011 година, покрај исплатата на пензиите на корисниците на пензија кои живеат во Република Македонија вршеше исплата на пензии на македонски корисници на пензија со место на живеење надвор од Републиката, и тоа што посебна е исплата за поранешните републики од поранешната СФРЈ и посебна исплата за пензионери што живеат надвор од подрачјето на истите. За новите корисници на пензија отворени се финансови досиеа и извршена е контрола на истите, пресметка, ликвидација и контрола на сите решенија за обнова, препензионирање ускратни решенија кои се доставени од филијалите на Фондот, како и контрола на поголем број на извршни решенија кои се доставени од судовите и извршителите, вклучување, исклучување и евидентирање на промените во износите на пензиите по разни основи.

Во почетокот на 2011 година до овие корисници се испратени барања за доставување на потврди за живот. Сите пристигнати потврди за живот се обработени и е продолжена исплатата на пензија на овие корисници. За оние корисници кои не доставиле потврди за живот пензијата е ставена во мирување до добивање на потврдата, како за пензионерите на кои пензијата се исплатува преку полномошник така и за трајно неспособните лица кои пензијата ја примаат преку старател а немаат доставено потврда за живот.

За сите корисници на семејна пензија-деца постари од 15 години кои доставиле школски потврди до 01.09.2011 за ученици, односно до 01.10.2011 за студенти правото на користење на пензија им е продолжува, додека за останатите кои не доставиле пензијата е ставена во мирување до нивно доставување.

Исто така, согласно законската регулатива во 2011 година вршено е вклучување на задршки на пензиите по разни основи (судски и други решенија), задршки по основ на наплата на штети за повеќе или погрешно исплатени пензии, како и исклучување од исплатата на корисниците на

пензија кои се во работен однос согласно измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Со соработка со Секторот за информатика и Одделението за матична евиденција извршено е дизајнирање, изработка тестирање и користење на апликативно решение за издавање на потврди за трансакциска сметка при поднесување на барање за остварување право на пензија. Извршено е упарување на податоците во целосната базата за исплата на пензиите со податоците од Министерството за внатрешни работи , како и со Министерството за правда-Управа за водење на матични книги од која месечно се доставуваат списоци со податоци за почиати лица како и иселени корисници на пензија. По истите се превземени активности согласно постојната законска регулатива.

Исто така, во 2011 година се издаваат потврди за статусот на корисникот на пензија, потврди за остварени месечни пензиски примања, потврди за данок, потврди за висината на пензијата од прво право на корисниците на пензии по барање на Departmanent of Human Services-Centrelink International Австралија на утврден образец согласно меѓународниот договор кој стапи на сила во 2011 година.

## 8. Имотно правно работење

Во текот на 2011 година Стручната служба на Фондот, во делот на имотно-правното работење презеде повеќе активности заради заштита на интересите, средствата и имотот на Фондот.

За таа цел, активностите на Стручната служба беа насочени кон :

- наплата на побарувањата по поднесени пријави за неосновани исплати на товар на Фондот преку изготвување и испраќање опомени пред тужба, склучување спогодби за доброволно плаќање на долгот;

- продолжување на постапките пред судовите по предмети од минати години како и за предмети од 2011 година по основ на неплатен регрес, а по предходна доставена опомена;

- изготвување на тужби за побарувања кои должниците не ги платиле по опомена;

- поведување на стечајни постапки и пријавување на побарувањата во поведени стечајни постапки;

- иницирање на судски постапки за закупнината од користењето на деловниот простор;

- судска наплата на регрес од сторени сообраќајни незгоди и несреќи на работа;

- застапување во постапки од работен однос

- застапување во кривични постапки;

- застапување на интересите на Фондот во судски постапки во кои Фондот се јавува како тужена страна.

Во 2011 година правната служба на Фондот превзема активности со продолжување на постапките по тужбите во врска со неплатените долгови. Овие постапки се однесуваа за сторена штета по основ на укинати инвалидски пензии како и вработување на активни корисници на пензија, исплата на пензии на починати корисници на пензија како и исплата на семејни пензии на корисници на кои им престанало правото согласно законските прописи и по други основи.

По сите основи, во 2011 година во Фондот примени се 974 пријави-пресметки за штета и за кои се оформени предмети за оштетни побарувањапри што за сите се изготвени опомени пред тужба и истите се испратени до должниците. Вкупните побарувања по овие штети изнесуваат 44,05 милиони денари, а се наплатени 2,87 милиони денари или само 6,5% од вкупниот долг. За наплата на побарувањата по судски или вонсудски пат

останаа 41,18 милиони денари. Иницирани се 74 судски постапки. За поголем дел од активните предмети дадени се изјави за плаќање на рати, а останатите се во фаза на подготвка за утужување.

Исто така, во Одделението за имотно правно работење се преземаат активности и се подготвуваат тужби за наплата на средства по основ на фиктивни пензии. Заклучно со 2011 година примени се 264 предмети на вкупен долг од 93,59 милиони денари од кои наплатени се 44,27 милиони денари или 47,3%. За останатиот долг должниците плаќаат на рати, а за еден дел се водат судски постапки кои се во различна фаза пред надлежните судови.

Фондот води и други судски постапки, како што се: стечаите, спорови од пензионерски здруженија, како и кривични постапки против странки корисници на пензија кои оствариле старосна пензија врз основа на фиктивен стаж.

Посебен акцент во правната служба на Фондот се става на стечајните постапки за кои во 2011 година се поднесени 31 пријави за побарувања. Овие пријавени побарувања од стечај во 2011 година изнесуваат вкупно 105,91 милиони денари, од кои како главен долг се 71,41 милиони денари, а по основ на камата 34,50 милиони денари. За да се наплати дел од побарувањето кое во стечајните постапки се остварува многу тешко, се применуваат сите правни механизми кои се на располагање. Најголем дел од стечајните постапки завршуваат со затварање на постапката поради немање на имот на стечајниот должник или пак со впаричување на имотот, а во замена на парични средства се нудат акции или основни средства, а висината на впаричувањата зависнат од процентот на учество во стечајната маса.

Во Фондот во 2011 годин се превзема и активности во областа на кривичните постапки. Во 2011 година покренати се 15 пријави до основното јавно обвинителство за лица-корисници на пензија кои неосновано оствариле

право на пензија, како и застапување пред надлежен суд во кривичен претрес и извршни постапки.

Во 2011 година во Фондот се водат и сопственички предмети за пензионерските домови со кои стопанисува Фондот. Овие постапки се иницираат од страна на здруженијата на пензионери, а со цел истите да се стекнат со право на сопственост.

## 9. Органи на управување на Фондот

### *1. Управен одбор*

Во 2011 година работата на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија како највисок раководен орган се оствaруваше во согласност со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Статутот на Фондот и Деловникот за работа на Управниот одбор, како и согласно Програмата за работа на Управниот одбор.

Во 2011 година Управниот одбор на Фондот одржа 25 седници со вкупно 90 точки на дневен ред.

На одржаните седници донесени се 43 одлуки, од кои поважни се следните: Одлука за усвојување на Завршната сметка на Фондот за 2010 година, Одлука за усвојување на предлог буџетот на Фондот за 2011 , Одлука за продажба на акции и удели,Одлука за именување на Конкурсна комисијаза спроведување на постапката за избор и именување на Директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Одлука за распишување на конкурс за избор и именување на Директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Одлука за именување Директор на Фондот. Со завршување на целокупната постапка за избор и именување на нов дирекрор на 99 седница на Управниот одбор на Фондот која се одржа на 6 декември 2011 година а по

претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија за нов Директор е именуван Беким Незири.

Во 2011 година, Управниот одбор на Фондот донесе три правилници и тоа: Правилник за условите и начинот за стекнување на право за доделување на станбен простор под закуп во домовите за живеење на корисниците на пензија со кои управува Фондот, Правилник за условите и начинот за издавање на деловен простор под закуп со кој управува Фондот и Правилник за измена на правилникот за условите и начинотза издавање на деловен простор под закуп со кој управува Фондот.

Донесени се и две програми и тоа: Програма за работа на Управниот одбор на Фондот за 2011 година и Програма за реконструкција, адаптација на деловните објекти на Фондот и набавка на основни средства.

Исто така, Управниот одбор разгледа и 29 информации од кои позначајни се: Информација за извршената продажба на акциите на Фондот кои веднаш беа процесуирани до Владата на Република Македонија, Информација за дозначените и исплатени средства за солидарен фонд за починатите корисници на пензија во периодот јануари – ноември 2011 година, Информација за транзиционите трошоци по основ на пренасочување на дел од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување до приватните пензиски фондови, Информација за превземените активности за наплата на ненаплатените придонеси заклучно со 31-12-2008 година, Информација за имотно правните состојби со имотот на Фондот, Информација за наплатата на побарувањата на Фондот на име на штета од неосновани исплати на корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување со предлог мерки за елиминирање на причината поради кои доаѓа до одлив на средствата.

Во 2011 година пред Управниот одбор беше презентирана и Информација за извршените продажби на акциите и уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Управниот одбор на Фондот разгледа и 7 извештаи и тоа: Извештај за извршениот попис на имотот на Фондот и домовите за живеење и клубовите како посебни градежни објекти за корисниците на пензија со кои управува Фондот, со состојба на 31.12.2010 година, Извештајот од Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2010 година и ревизија на усогласеност во кој е искажано ревизорско мислење за законската и објективната работа на Фондот во сите аспекти на финансиското работење. Управниот одбор исто така го разгледа и Актуарскиот извештај кој ги содржи проекциите на сите параметри од кои зависи стабилноста на пензискиот систем и креирање на пензиската политика.

Управниот одбор на Фондот на седницата одржана на 31 август 2011 година го донесе Буџетот на Фондот за 2012 година, а потоа беше разгледана и Информацијата за разликите на Буџетот на Фондот за 2012 година утврден од Управниот одбор на Фондот со предлог Буџетот доставен од Министерството за финансии до Собранието на Република Македонија за донесување.

Управниот одбор како највисок орган на управување во Фондот, во 2011 година покажа огромна и содржајна активност во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

## *2. Директор*

Директорот на Фондот раководи со Фондот и го претставува пред трети лица. Во рамките на своите овластување во 2011 година, директорот успешно ја раководеше работата на Фондот, што придонесе да се остварат позитивни резултати во сите сегменти од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување. Директорот ја предложи Програмата за работа на Управниот

одбор за 2011 година и се грижеше за нејзино спроведување. Исто така презеде и повеќе мерки за наплата на ненаплатениот придонес заклучно со 2008 година, а во рамките на законските надлежности особено се залагаше за обука и едукацијата на човечките ресурси, како и преземање мерки за законитоста на работењето на Фондот.

Како извршен орган на Фондот, директорот предлагаше до Управниот одбор, извештаи, анализи, одлуки и други материјали од пензиското и инвалидско осигурување, а воедно се грижеше за извршување на одлуките, насоките и заклучоците донесени од Управниот одбор на Фондот.

Како директор на Стручната служба на Фондот ја организира и координира работата на вработените во Фондот и одлучува за остварување на нивните права од работен однос.

## 10. Стручната служба на Фондот

### *1. Организација на Стручната служба на Фондот*

Со организацијата на Стручната служба на Фондот се обезбедува единствена, еднообразна и стручна примена на Законот, Статутот и другите општи акти на Фондот, законито, двостепено и достапно остварување на правата на осигурениците и корисниците на правата и функционална поврзаност за вршење на работите во надлежност на Стручната служба на Фондот.

Управните, финансиските, стручните, административните и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидско осигурување ги врши Стручната служба, филијалите и деловниците во општините.

Основна задача на Стручната служба на Фондот е на законит начин и со закон утврдените рокови да донесува решенија за остварување на правата на

осигурениците и да врши редовна исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидско осигурување.

Организацијата на Стручната служба обезбедува двостепеност во решавањето и единственост во извршувањето на работите од своите надлежности.

Со работата на Стручната служба на Фондот раководи директорот на Фондот. директорот на Фондот има заменик - директор кој го заменува директорот за време на неговото отсуство и врши и други работи утврдени со Статутот на Фондот.

Работата на Стручната служба на Фондот се организира во:

1. Централа - за работите од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување на територијата на Република Македонија;

2. Филијала - за работите на подрачјето на една или повеќе општини и

3. Деловница - за дел од работите на Филијалата кога е таа организирана за подрачјата на повеќе општини.


Централа
Сектор за остварување на правата од ПИО
Сектор за финансиски прашања
Сектор за информатика
Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за матична евиденција
Одделение за спроведување на ПИО по меѓународни договори
Одделение за подготвување решенија во втор степен, управни спорови, надзор и инструктажа
Одделение за оцена на работна способност
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Отсек за актуарство
Одделение за сметководствени прашања
Одделение за ликвидација на пензиски примања
Одделение за јавни набавки
Одделение за контрола на податоци од придонеси од ПИО
Одделение за развој на информациониот систем
Одделение за апликативен софтвер
Одделение за системско инженерство и комуникации
Отсек за обработка, скенирање и архивирање на податоци и документи
Одделение за правно работење
Одделение за стопанисување со имотот на фондот и општествен стандард на корисниците на пензија
Одделение за човечки ресурси

Во Централата работата се извршува во рамките на секторите:

- Сектор за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување,
- Сектор за финансиски прашања,
- Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи, и
- Сектор за информатика.

Со нив раководат помошници на директорот.

Во Централата се извршуваат главно следните работи: утврдување и спроведување на политиката на развојот и унапредување на пензиското и инвалидско осигурување, подготвување на Буџетот на Фондот и негови измени и дополнувања, исплата на пензиите, финансиско работење, собирање и распределба на средствата за исплата на правата од пензиското и инвалидско осигурување, решавање во второстепена постапка за правата од пензиското и инвалидско осигурување, учество во меѓународни преговори за спроведување на договорите за социјално осигурување и склучување на нови постапки со управни спорови, работи за надоместок на штета, информатичка поддршка на целокупното работење, подготовка на седници на Управниот одбор на Фондот, издавање на соопштенија и стручно-информативни публикации.

Филијалите на Фондот се организирани за работата на подрачјето од една или повеќе општини и истите се сместени во општините: Скопје, Битола, Прилеп, Велес; Куманово, Тетово, Струмица, Охрид, Штип, Гостивар, Струга, Кавадарци, Крива Паланка, Гевгелија, Пробиштип, Делчево, Кочани, Ресен, Берово и Кичево.

Деловниците се организирани за дел од работите на Филијалата кога истата е организирана на подрачјето на повеќе општини, а се сместени во општините: Демир Хисар, Крушево, Свети Николе, Кратово, Валандово, Дебар, Радовиш, Виница, Неготино и Македонски Брод.

Организационата шема на филијалите и деловниците е следна:



Филијалите и деловниците ги извршуваа следните работни задачи: решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување, контрола на податоците од обврзниците за наплата на придонес, генерирање и утврдување на податоците за плата и стажот на осигурениците, комплетирање на предметите за утврдување својство на осигуреник заради остварување на права од пензиското и инвалидско осигурување и друго.

## 2. *Човечки ресурси*

Стручната служба на Фондот во 2011 година ги изврши работните задачи предвидени со Програмата на Управниот одбор на Фондот за 2011 година и задачите од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, како и се пристапи кон целосна имплементација на Законот за работни односи, Законот за јавните службеници и Одлуката за организација на работата и систематизација на работните места во Фондот.

Во Одделението за човечки ресурси, во 2011 година се пристапи кон имплементацијата на софтверот за човечки ресурси Hermes, со ажурирање на кадровската евиденција на вработените и со воведување на електронска евиденција на работното време во соработка со филијалите и деловниците на Фондот.

Во Стручната служба на Фондот, со состојба декември 2011 година, беа ангажирани 709 вработени. Во споредба со 2010 година бројот е намален за 28 вработени поради заминување на поголем број на вработени поради исполнување на услови за пензија (21 вработени), а дел од вработените го напуштија Фондот заради вработување на други работни места (7 вработени). И во 2011 година важеа антикризните мерки на Владата на Република Македонија со кои беше предвидено времена забрана на нови вработувања во Фондот.

Бројот на вработени во 2011 година се распоредени и тоа: 258 во Стручната служба - Централа - Скопје и 451 во филијалите и деловниците на Стручната служба на Фондот. Бројот по филијали и деловници изнесува и тоа во: Берово 9 вработени, Битола 27, Македонски Брод 4, Валандово 5, Велес 19, Виница 6, Гевгелија 10, Гостивар 22, Дебар 6, Делчево 11, Демир Хисар 5, Кавадарци 17, Кичево 7, Кочани 12, Кратово 5, Крива Паланка 11, Крушево 7, Куманово 23, Неготино 8, Охрид 16, Прилеп 20, Пробиштип 8, Радовиш 4, Ресен 8, Свети Николе 9, Струга 17, Струмица 17, Тетово 35, Штип 22 и Скопје 81 вработени.

Квалификациската структура на вработените во Стручната служба на Фондот е поволна, односно повеќе од половината вработени (56,8%) се со висока и виша школска подготовка, што може да се види од следниот преглед:

**Табела 28:** Квалификациска структура на вработените во Фондот

| Стручна подготовка | 2010 | Структура | 2011 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Висока | 310 | 42,1 | 312 | 44,0 |
| Виша | 99 | 13,4 | 91 | 12,8 |
| Средна | 298 | 40,4 | 277 | 39,1 |
| Ниска | 30 | 4,1 | 29 | 4,1 |
| **Вкупно** | **737** | **100,0** | **709** | **100,0** |



Структурата на вработените според школската подготовка во 2011 година во однос 2010 година е зголемена само кај високата стручна спрема, а извесно намалување се забележува кај останатите стручни спреми.

Табела 30. Структура на вработените во Фондот според полот

| Филијали Деловници | Мажи | | Жени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | структура | број | структура | број | структура |
| Берово | 6 | 66,7 | 3 | 33,3 | 9 | 100,0 |
| Битола | 10 | 37,0 | 17 | 63,0 | 27 | 100,0 |
| Македонски Брод | 1 | 25,0 | 3 | 75,0 | 4 | 100,0 |
| Валандово | 2 | 40,0 | 3 | 60,0 | 5 | 100,0 |
| Велес | 8 | 42,1 | 11 | 57,9 | 19 | 100,0 |
| Виница | 1 | 16,7 | 5 | 83,3 | 6 | 100,0 |
| Гевгелија | 3 | 30,0 | 7 | 70,0 | 10 | 100,0 |
| Гостивар | 10 | 45,5 | 12 | 54,5 | 22 | 100,0 |
| Дебар | 4 | 66,7 | 2 | 33,3 | 6 | 100,0 |
| Делчево | 3 | 27,3 | 8 | 72,7 | 11 | 100,0 |
| Демир Хисар | 2 | 40,0 | 3 | 60,0 | 5 | 100,0 |
| Кавадарци | 3 | 17,6 | 14 | 82,4 | 17 | 100,0 |
| Кичево | 2 | 28,6 | 5 | 71,4 | 7 | 100,0 |
| Кочани | 3 | 25,0 | 9 | 75,0 | 12 | 100,0 |
| Кратово | 4 | 80,0 | 1 | 20,0 | 5 | 100,0 |
| Крива Паланка | 3 | 27,3 | 8 | 72,7 | 11 | 100,0 |
| Крушево | 3 | 42,9 | 4 | 57,1 | 7 | 100,0 |
| Куманово | 13 | 56,5 | 10 | 43,5 | 23 | 100,0 |
| Неготино | 3 | 37,5 | 5 | 62,5 | 8 | 100,0 |
| Охрид | 6 | 37,5 | 10 | 62,5 | 16 | 100,0 |
| Прилеп | 9 | 45,0 | 11 | 55,0 | 20 | 100,0 |
| Пробиштип | 7 | 87,5 | 1 | 12,5 | 8 | 100,0 |
| Радовиш | 2 | 50,0 | 2 | 50,0 | 4 | 100,0 |
| Ресен | 4 | 50,0 | 4 | 50,0 | 8 | 100,0 |
| Свети Николе | 2 | 22,2 | 7 | 77,8 | 9 | 100,0 |
| Струга | 6 | 35,3 | 11 | 64,7 | 17 | 100,0 |
| Струмица | 7 | 41,2 | 10 | 58,8 | 17 | 100,0 |
| Тетово | 19 | 54,3 | 16 | 45,7 | 35 | 100,0 |
| Штип | 10 | 45,5 | 12 | 54,5 | 22 | 100,0 |
| Скопје | 30 | 37,0 | 51 | 63,0 | 81 | 100,0 |
| Централа | 97 | 37,6 | 161 | 62,4 | 258 | 100,0 |
| **Вкупно** | **283** | 39,9 | **426** | 60,1 | **709** | **100,0** |

Од податоците за вработените според полот, се гледа дака во Фондот преовладуваат жените, кои на 31.12.2011 година изнесуваат 426 или 60,1% од вкупниот број на вработените, а мажите учествуваат со 39,9%.

**Табела 31:** Движење на бројот на вработените во Стручната служба на Фондот, во периодот од 1995-2011 година

| **Година** | **Стручна служба Централа-Скопје** | **Подрачни единици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 1995 | 221 | 409 | 630 |
| 1996 | 226 | 409 | 635 |
| 1997 | 217 | 404 | 621 |
| 1998 | 216 | 395 | 611 |
| 1999 | 214 | 406 | 620 |
| 2000 | 218 | 407 | 625 |
| 2001 | 209 | 415 | 624 |
| 2002 | 216 | 419 | 635 |
| 2003 | 217 | 406 | 623 |
| 2004 | 218 | 389 | 607 |
| 2005 | 233 | 423 | 656 |
| 2006 | 256 | 448 | 704 |
| 2007 | 254 | 430 | 684 |
| 2008 | 254 | 462 | 716 |
| 2009 | 251 | 427 | 678 |
| 2010 | 263 | 474 | 737 |
| **2011** | **258** | **451** | **709** |

Според податоците може да се констатира дека бројот на вработените до 2004 година е непроменет и во просек изнесува 623 вработени. По 2005 година, поради зголемениот обем на работни задачи во услови на имплементација на пензиската реформа, бројот се зголеми главно со информатичари, правници и економисти за успешно извршување на новите деловни процеси. Во 2010 година зголемувањето на бројот на вработените е резултат на извршената трансформација на вработените од Агенцијата за привремени вработување во редовен работен однос. Со примање на новите вработени со висока стручна спрема, подобрена е кадровската екипираност на Фондот и старосната структура на вработените. Во 2011 година бројот на вработени во споредба со 2010 година е намален за 3,8%, поради исполнување на услов на пензија, а дел од вработените го напуштија Фондот, а упразнетите места не се пополнети.

Според стручната подготовка просечната бруто плата (декември 2011 година) изнесува:

| **Стручна подготовка** | **2011 (денари)** |
|---|---|
| Висока | 37.950,00 |
| Виша | 32.200,00 |
| Средна | 26.150,00 |
| Ниска | 21.300,00 |
| **Вкупно** | **31.500,00** |

Надоместокот на Стручната служба на Фондот во 2011 година изнесува 273,81 милиони денари и истиот во вкупните расходи на Фондот учествува со 0,6% .

### *3. Работата на Отсекот за актуарство*

Отсекот за актуарство во рамките на редовни задолженија на почетокот од 2011 година изврши ажурирање на актуарскиот модел кој се користи за изготвување на актуарски проекции. Актуарскиот модел е еден од инструментите на планирањето на политиката на пензиите. Со моделот може да се симулира широк опсег во политиката за пензии, односно повеќе видови на реформи, параметрички реформи на тековно финансираниот пензиски столб и измени во врска со вториот столб. Со помош на актуарскиот модел се прават проекции за состојбите во пензискиот систем врз основа на претпоставени демографски и економски параметри, како и различни претпоставки на политиката за пензии. Моделот генерира податоци за приходите и расходите на Фондот, податоци за пензиите и корисниците на пензија по вид на пензија, распределба на осигурениците помеѓу првиот и вториот столб и други значајни податоци од пензиската област.

За ажурирањето на моделот, податоците за пензионерите и осигурениците како и финансиските параметри за работењето на Фондот се обезбедуваат од базата на податоци на Фондот и Одделението за Буџетска координација. Демографските податоци се обезбедуваат од Државниот завод за статистика, а макроекономските индикатори од Министерството за финансии. По ажурирањето на моделот се креираат различни сценарија и се добиваат излезни резултати за различни параметри значајни за пензискиот систем.

Главна задача на Отсекот за актуарство е проценка на статусот на пензискиот систем за кој се изработуваат актуарски проекции и анализи на

среден и долг рок за секој од предлозите и реализацијата на измените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување и пензискиот систем.

Со користење на актуарскиот модел за долгорочни проекции, Отсекот за актуарство во текот на 2011-та година изготви различни сценарија, пресметки, анализи и предвидувања на барања на Фондот, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Министерството за финансии и други надворешни институции.

Во текот на целата 2011 година на барање на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Светска банка беа изготвувани повеќе анализи со различни сценарија за финансиските импликации од понатамошното намалувањето на стапката на придонес или нејзино задржување на исто ниво и одржливоста на пензискиот систем.

Во секоја од анализите зависно од барањето за намалување на стапката на придонес или нејзино одржување беа изготвени различни сценарија со долгорочни проекции. Во изготвувањето на проекциите беа земени во предвид и промените на проекциите за макроекономските индикатори објавени од страна на Министерството за финансии. Во анализите беа содржани краткорочни и долгорочни актуарски проекции за приходите и расходите во Фондот како и потребниот буџетски трансфер.

Во јануари 2011 година на барање на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија беа направени и доставени проекции за населението по возраст и пол. Проекциите беа направени со актуарскиот модел за предвидување врз основа на последните објавени податоци од страна на Државен завод за статистика.

Во текот на февруари 2011 година на иницијатива на Сојуз на Синдикати на Република Македонија и Конфедерација на слободни синдикати за воведување на повеќе услови за пензионирање, а на барање на Агенцијата за

супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, беше изготвена Информација за финансиски импликации врз Фондот од предложените измени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Во информацијата беа направени актуарски пресметки за:

- остварување на право на пензија по основ на наврршен пензиски стаж;
- број на осигуреници мажи и жени со минимум 60 години возраст и минимум 15 години пензиски стаж кои би се пензионирале во текот на следните 5 години, како и просечната пензија оставрена по овој основ и фискалните импликации;
- овозможување докуп на пензиски стаж за 3 години, заради наврршување на минимум 15 години пензиски стаж;
- износ на пензија намален за 3%, 4% и 5% и намалена заменска стапка за остварување право на старосна пензија за период 5 години пред редовните услови (57 години живот за жена и 59 години живот за маж).

Во текот на 2011 година беа изготви процедури за работата на Отсекот, а беше ажуриран актуарскиот модел со податоци за 2010 година.

Исто така во 2011 година вработените од Отсекот присуствуваа на Меѓународната конференција на пензиски реформи и идни предизвици која се оддржа по повод обележувањето на петгодишнината од воведувањето на капиталното финансирано пензиско осигурување и заокружување на успешната соработка со Светска Банка во областа на пензиските реформи. На конференцијата учествуваат претставници и од Бугарија, Романија, Косово, Хрватска и Полска.

Во мај 2011 година во Србија беше одржан Меѓународен симпозиум за овластени актуари од областа на осигурувањетокаде учествуваа и двајца преставници од отсекот за актуарство. Исто така во канцелариите на британскиот совет во Скопје двајца преставници од Отсекот на актуарство учестваа на стручно предавање, советување, организирано од страна на

Центарот за реформи во финансиското известување во Светска банка. Во тек на месец октомври, двајца членови од Отсекот на актуарство учествуваа на Обука за стохастичко моделирање на покана на Бугарското актуарско здружение во Софија, Бугарија

Кон средина од годината беше подготвен "Извештај за пензискиот систем во Република Македонија со актуарски проекции за 2010 година". Истиот беше преведен, во Отсекот за актуарство, и на англиски јазик со цел запознавање на странските институции и консултанти со пензискиот систем во Република Македонија и проекциите за истиот.

Во септември 2011 година на барање на Државниот завод за статистика, а за проектот УНИЦЕФ - ТРАНСМОНЕЕ беа доставени податоци до истиот од страна на Отсекот за актуарство, кои што се во надлежност на Фондот.

Во 2011 година беше изготвена и Анализа за пензискиот систем со примена на стапката на придонес согласно предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и примена на законско усогласување на пензиите, како и примена на проекциите на макроекономските индикатори од Министерство за финансии.

На барање на Секторот за остварување на правата од пензиското инвалидското осигурување беа изготвени финансиски пресметки за заштедените средства по основ на ускратено право на користење на пензија на корисници на времена инвалидска односно семејна пензија.

До Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување за вршење сопствени анализи и пресметки, беа подготвени и доставени детални долгорочни актуарски проекции за бројот на членовите, уплатените придонеси и акумулираните средства во вториот столб. Проекциите се направени според 3 сценарија од кои првото се заснова на стапки на придонес според Законот за придонеси од задолжително социјално

осигурување, а останатите две сценарија се проектирани со стапки на придонес според Програма на Влада на Република Македонија за 2011-2015 година

До Светска банка беа доставени податоци за ажурирање на индикаторите за следење на успешноста СПИЛ проектот.

Во текот на целата 2011 година Отсекот за актуарство како дел од своите редовни задолженија продолжи со следење на транзиционите трошоци и бројот на осигуреници - членовите во вториот столб, како важен дел во планирањето на Буџетот на Фондот. Проекциите за краткорочни и долгорочни транзициони трошоци како излезни резултати се добиваат од актуарскиот модел.

### *4. Работа на Одделението за внатрешна ревизија*

Внатрешна ревизија е самостојна во својата надлежност и активност и со својата работа како ревизија на работењето на институцијата и со своите наоди, препораки и забелешки придонесува во подобрување на работата на Фондот.

Своите надлежности Внатрешната ревизија ги спроведува врз основа на

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Меѓународните стандарди на внатрешната ревизија на институтот на внатрешни ревизори, Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија, Правилник за етички кодекс на внатрешните ревизори, Правилник за поделбата на внатрешната ревизија, Упатството за работа како и други акти од областа на внатрешната ревизија.

Внатрешната ревизија во 2011 година ги реализираше планираните активности предвидени со Годишниот план за работа.

Во текот на 2011 година внатрешната ревизија ги изврши следните задачи:

1. Ревизија на процесот на остварување на право на пензија со странски стаж во Централата на Фондот со исплатата на странските пензии во Одделението за исплата на пензии.

2. Ревизија во процесот на наплатата на заостанатиот долг од неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година во филијалите во Скопје, Куманово, Кратово, Струга, Охрид и Тетово.

3. Ревизија на процесот на матична евиденција на утврдување на стаж во филијалата во Прилеп.

4. Извештај за спроведувањето на препораките кои се дадени од страна на внатрешната ревизија, а кои се прифатени од ревидираниот субјект за наоди кои се утврдени при ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот на постапување по пресметки од Одделението за исплата на пензии за настанати штети во Одделението за имотно правно работење.

5. Извештај за спроведувањето на препораките кои се дадени од страна на внатрешната ревизија, а прифатени од ревидираниот субјект за наоди кои се утврдени при ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот на исплата на солидарен фонд на наследници на починат корисник на пензија во филијалата во Скопје.

6. Ревизија на процесот на изготвување процедура за давање насоки за работа и вршење контрола на работењето на филијалите и деловниците на Фондот во Одделението за матична евиденција Централа Скопје.

Согласно извршените ревизии и констатираните наоди дадени се и соодветни препораки од страна на внатрешната ревизија на Фондот.

*1. Ревизијата на процесот на остварување на право на пензија со странски стаж во Централата на Фондот*

Внатрешната ревизија во 2011 година изврши ревизија во Одделението за спроведување на меѓународни договори каде предмет на ревизија беше работата и ефикасноста во остварувањето на правата по меѓународни договори и притоа донесе пет заклучоци за спроведување на препораките и запазување на предвидените законски рокови за остварување на правата на времено донесување на решенија за запирање на исплатата на пензија и доставување на потврди за живот од страна на корисниците на пензија.

*2. Ревизија во процесот на наплатата на заостанатиот долг од неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година*

Од извршената ревизија на процесот на наплата на неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување констатирано е дека автоматизираниот процес за контрола преку модулот за електронско следење започна целосно да функционира во 2010 година. Со неговата примена се добиваат автоматски податоци за контрола на обврзниците во Република Македонија кои не го платиле придонесот, со што е елиминиран субјективниот фактор во вршење на контролата . До 2011 година се направени два циклуса првиот во 2008, а вториот во 2009 година по што се преземени активности за наплата во филијалите и деловниците на Фондот согласно постојната законска регулатива .

Имено, изготвени се известувања, записници за неплатени придонеси, а за обврзниците кои не го платиле придонесот извршена е блокада и во текот на 2010 и 2011 годинаи се наплатени средства од над 1.000,00 милиони денари.

За обврзниците кои не се активни, а се уште се водат во базата на обврзници на Фондот препорачано е да се преземат активности со надлежните институции (Централен регистар, судовите) за нивно ажурирање.

Исто така препорачано е надградување на апликативниот програм при евидентирање на обврзниците за плаќање на придонес за создавање можност за автоматска евиденција во случаевите кога обврзникот врши промени во бројот на вработените со М1 / М2 пријавите.

*3. Ревизија на процесот на матична евиденција на утврдување на стаж во филијалата во Прилеп*

Од страна на ревизијата се утврди дека постоеле неправилности во делот на утврдувањето на стажот кој бил евидентиран и внесен спротивно на Законот за матична евиденција. Препораките се реализирани за седум корисници кои оствариле право на пензија и донесени се решенија за запирање на пензијата, а за седум осигуреници кај кои бил утврден "фалсификуван" стаж истиот согласно Законот за матична евиденција е избришан. Против вработените лица во филијалата во Прилеп поднесени се и процесирани соодветни пријави до надлежните органи.

4. Follow up ревизија или *Ревизија за следење на спроведени препораки во системот на внатрешна контрола во процесот на постапување по пресметки од Одделението за исплата на пензии за настанати штети во Одделението за имотно правно работење*.

По спроведената ревизија за следење на спроведени препораки во системот на внатртешна контрола во процесот на постапување по пресметки во Одделението за исплата на пензиите за настанатите штети во Одделението за имотно правно работење формирана е комисија од Управниот одбор на Фондот со членови од повеќе одделенија со задача да се направи физичи попис на сите

предмети во Одделението за имотно правно работење. Комисијата треба да изврши анализа на досието и да ги утврди причините за состојбата на застареност кај предметите во кои истото ќе се констатира.

Препораката во однос на проблемите во функционирање на апликативната програма која ќе го заокружи процесот на надоместување на штета од неосновани исплати, треба да се спроведе со преземање активности измени и дополнување на истата заради целосна функционалност на апликацијата.

Исто така, во врска со препораките за техничките проблеми во апликативните програми за електронско заведување на сите преземени процесни дејствија за секој предмет кој се води во архивата во Одделението за имотно правно работење, преземени се на мерки за елиминирање на техничките проблеми со цел целосно функционирање на истите.

5. *При извршување на ревизијата за спроведени препораки за извршената ревизија на процесот на исплата на солидарен фонд на наследници на починат корисник на пензија во Филијала Скопје* утврдено е дека дадените препораки се спроведени. Имено изготвена е процедура согласно новото програмско решение и е поставена на соодветниот линк- Процедури достапна за користење на вработените во Фондот.

6. *Ревизија на усогласеност во процесот на изготвување процедура за давање насоки за работа и вршење контрола на работењето на Филијалите и Деловниците на Фондот во матична евиденција Централа Скопје*

Со спроведувањето на ревизија во процесот на утврдувањето на стажот со зголемено траење донесени се неколку заклучоци за спроведување на препораките. Усогласување на Единствениот кодекс на шифри за внесување на податоци во матична евиденција и воспоставување на нови шифри за

стаж на осигурување со зголемено траење кои не се содржани во Правилникот за работно места за стажот со зголемено траење со препорака да се побара од Министерството за труд и социјална политика измени и дополнување на Правилникот. Препораката е спроведена.

## 5. Буџетска контрола

Во текот на 2011 година буџетската контрола во целост ги реализира сите предвидени задачи со Програмата за работа, редовно вршење на Ех-анте и Ех-пост контроли на сите склучени финансиски договори на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија со другите институции и следење на нивната реализација.

Исто така, се направени контроли во финансиското работење во некои одделенија, каде е констатирана потреба од пишани процедури во работењето.

Извршена е контрола во Одделението за исплата на пензии и констатирано е дека да се исклучи исплатата на корисниците на пензија кои живеат надвор од Република Македонија, доколку навреме не поднесуваат навремено потврди за живот. Исто така, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда е направена проверка на сите корисници на пензија на кои се врши исплата и се преземени активности по констатираните состојби.

Имено, во делот на исплата на пензии, направени се детални анализа во сметките на починатите корисници на пензија во банките каде средствата Фондот ги дозначува и изготвени се барања до банките за нивен поврат и најголем дел од средствата банките ги повратат на Фондот.

За 2012 година буџетска контрола изготви препораки за почитување на пишаните процедури од страна на сите надлежни во секторите и одделенијата на Фондот.

## 6. Јавни набавки

Во 2011 година одделението за Јавни набавки имаше задача да ги спроведе согласно потребите и планот за јавни набавки донесен од Фондот со и Законот за јавните набавки (Сл. весник на РМ.бр.136/07,бр.130/08.97/10 и 53/11) со користење на интегрираниот електронски систем за јавните набавки.

Одделението со користење на електронскиот систем за јавни набавки при спроведување на постапките на јавни набавки постигна поголема транспарентност, поголема конкуренција меѓу економските оператори, поголема ефикасност и економичност во спроведувањето на постапките, поголеми заштеди во средства од Буџетот на Фондот и поголема отчетност и транспарентност во трошењето на предвидени средства за тие намени.

Одделението за јавни набавки на Фондот согласно годишниот план за јавни набавки за 2011 година како и со измените и дополнувањата на истиот во текот на 2011 година ги спороведе планираните постапки за извршување на јавните набавки.

Во 2011 година, Фондот објави 26 огласи за доделување на договори за јавни набавки, од кои 7 огласи за барање за прибирање на понуди, 16 огласи за отворена постапка, 3 постапки со преговарање без претходно објавување на оглас.

Според видот на предметот на договорот за јавна набавка, огласи за доделување на договор се објавени за набавка на стоки, и тоа 9 огласи, за услуги се објавени 16 огласи и за работи 1 оглас.

Сите податоци во врска со склучените договорите за јавни набавки во Фондотсе објавени на веб-страницата на Бирото https://e-nabavki.gov.mk и се целосно достапни на јавноста.

Во следната табела се претставени бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2011 година според видот на постапката за доделување на договорот.

| **Вид на постапка за доделување на договор** | **Број на склучени договори** | **Вредност на склучените договори (во мил.денари)** |
|---|---|---|
| | | |
| Постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас | 28 | 8,10 |
| | | |
| Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | 10 | 7,22 |
| | | |
| Отворена постапка | 27 | 56,00 |
| | | |
| Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 3 | 2,19 |
| | | |
| **Вкупно** | **68** | **73,51** |

Податоци од известувањата за поништување на постапките во 2011 година преку ЕСЈН се пополнети и објавени вкупно 4 известувања за поништување на постапка.

Во текот на 2011 година од страна на економски оператори беа доставени вкупно 4 жалби. Стручната служба одговори на жалбите на економските оператори и истите ги достави до Државната комисија за жалби по јавните набавки.

При спроведување на постапките за јавни набавки согласно член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки од 1 јануари 2011 година се користеше и е-аукцијата во најмалку од 70 % од бројот на објавени огласи од планираните постапки за доделување на договори за јавните набавки, согласно со измените и дополнувањата на Законот и тоа резултираше со остварување заштеда на буџетски средства и зголемување на транспарентноста во постапките за јавни набавки.

При спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка преку ЕСЈН сите дејствија во постапката (објавување на оглас, тендерска документација, поднесување на понуди, јавно отворање и евалуација, донесување одлуки, известувања за донесни одлуки, комуникација со економски оператори) се спроведуваше во електронска форма.

Во 2011 година, Фондот објави 16 огласи за постапки кои што се водат по електронски пат, од кои 14 огласи се за постапки кои што завршија со електронска аукција .

Искуството од 2011 година покажува дека од спроведувањето на постапките за јавни набавки со користење на електронскиот систем за јавни набавки кој заврши со е-аукција се заштедени средства од Буџетот и се намалени трошоците на договорниот орган.

Во текот на 2011 година беа закажани вкупно 30 електронски аукции, кои беа успешно спроведени (понудувачите лицитираа со цените).

## 7. Солидарен фонд

Согласно член 130-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на корисникот на пензија, со негова согласност му запира дел од пензијата за членарина во соодветното здружение и дел за Солидарен фонд-средства за исплата на посмртна помош по настапување на смртта на корисникот на пензија. Согласно Одлуката на регистрираната организација на Сојузот на здруженијата на пензионери број 02-02/847 од 23.12.2010 година, задршката за Солидарен фонд за 2011 година изнесуваше 120 денари, а за членарината е изменета висината на износот наместо 20 се зголеми на 30 денари месечно.

Посмртната помош за починати корисници на пензија за 2011 година изнесуваше 30.000,00 денари.

Во 2011 година задржани се средства од корисниците на пензија за Солидарен фонд - посмртна помош во вкупен износ од 377,58 милиони денари, додека на членовите на семејствата на починатите 13.112 корисници на пензија, се исплатени средства во износ од 393,36 милиони денари.

Табела 29. Движење на издвоените и исплатени средства за Солидарен фонд- посмртна помош од корисниците на пензија по месеци 2011 година

| Месеци | Корисници на пензија | Солидарен фонд | Починати | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 263.432 | 31.611.840 | 928 | 27.840.000 |
| Февруари | 262.475 | 31.497.000 | 1.210 | 36.300.000 |
| Март | 261.581 | 31.389.720 | 1.391 | 41.730.000 |
| Април | 260.982 | 31.317.840 | 1.070 | 32.100.000 |
| Мај | 262.510 | 31.501.200 | 1.088 | 32.640.000 |
| Јуни | 262.533 | 31.503.960 | 1.137 | 34.110.000 |
| Јули | 262.181 | 31.461.720 | 975 | 29.250.000 |
| Август | 262.068 | 31.448.160 | 956 | 28.680.000 |
| Септември | 262.021 | 31.442.520 | 1.028 | 30.840.000 |
| Октомври | 261.375 | 31.415.160 | 1.177 | 35.310.000 |
| Ноември | 262.246 | 31.469.520 | 1.183 | 35.490.000 |
| Декември | 262.742 | 31.529.040 | 969 | 29.070.000 |
| **Вкупно** | | **377.587.680** | **13.112** | **393.360.000** |

Издвоените средства за посмртна помош во износ од 377,58 милиони денари во однос на исплатените средства во износ од 393,36 милиони денари се помали за 15,78 милиони денари, што покажува дека исплатените средства за 2011 година не се целосно покриени со издвоените средства за оваа намена.

Во период од 2008 година до 2011 година издвоените и исплатени средства за посмртна помош изнесуваат и тоа:

| Година | Корисници просек | Издвоени средства | Починати корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 263.911 | 314.019.269 | 11.312 | 339.360.000 |
| 2009 | 263.500 | 446.862.922 | 12.780 | 410.888.560 |
| 2010 | 262.370 | 377.910.674 | 12.617 | 378.501.162 |
| **2011** | **262.179** | **377.587.680** | **13.112** | **393.360.000** |

Бројот на починатите корисници на пензија во 2011 година изнесува 13.112 корисника, а во 2008 година изнесува 11.312 починати и во однос на 2008 година тој број е зголемен за 1.800 корисника.

Во 2011 година бројот на починатите корисници на пензија изнесува 13.112 корисници или просечно месечно 1.092 корисници. Движењето по месеци на починатите корисници на пензија е прикажана во следната табела:

**Табела 30**. Број на починати корисниците на пензија во 2011 година по месеци

| Месеци | Починати корисници |
|---|---|
| Јануари | 928 |
| Февруари | 1.210 |
| Март | 1.391 |
| Април | 1.070 |
| Мај | 1.088 |
| Јуни | 1.137 |
| Јули | 975 |
| Август | 956 |
| Септември | 1.028 |
| Октомври | 1.177 |
| Ноември | 1.183 |
| Декември | 969 |
| **Вкупно** | **13.112** |

Од табелата се гледа дека смртоноста на корисниците на пензија е различна по месеци, исклучок е месец март каде е најголем бројот на починати корисници достигнува и до 1.391 починати за еден месец, а најмал е јануари со 928 починати корисници на пензија.

Стручната служба на Фондот во 2011 година вршеше редовна исплата на посмртната помош.

## 11. Информатички системи

Информатичката и комуникациската технологија е еден од основните елементи за ефикасно и ефективно спроведување на пензиското и инвалидскот осигурување. Информатичката опрема е носител и основна алка за реализација на деловните процеси во сите сегменти на работењето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Во 2011 година од страна на Владата на Република Македонија беа иницирани повеќе проекти со кои се инсистира на размена на електронски податоци помеѓу институциите и клиентите (осигуреници и пензионери).

Во одделението за Апликативен софтвер континуирано се работеше на одржување и усовршување на сите постоечки линии, апликативни решенија за подршка на деловните процеси за извршување на тековните активности во Стручната служба на Фондот. Во делот на матичната евиденција, на корисниците на права и исплата на пензиските примања по сите основи се направени темелни промени:

- Преоѓање на оракл платформа во делот на софтверот за матична евиденција на корисниците на права и исплатата на пензиски примања. Во 2011 година се напушти стариот VMS оперативен систем на кој повеќе од 25 години се сервисираше исплатата на пензиските примања. Мигрирани се сите податоци од стариот систем (сите податоци за корисниците на права,

финансовите датотеки за исплата од 1989 до 2010 година) на новата оракл платформа.

- Анализа и усвојување на новиот софтвер за исплата на пензиските примања на оракал платформа и дополнителна анализа на деловните процеси и дополнување на софтверот за исплата на пензиски примања и матична евиденција на корисници на права.

- Редовни измени и дополнувања за месечната исплата на пензиските примања на активните корисници кои правото го оствариле по основ на работничко осигурување, на активни осигуреници кои правото го оствариле во Република Македонија а живеат во поранешните Југословенски Републики, неделни исплати за останатите неисплатени пензиски примања (рачни пензии) за корисниците на права по сите основи, редовни месечни, квартални и годишни статистички извештаи за корисниците на права и исплата на пензиските примања и редовни месечни податоци за обврските на Буџетот на Р.епублика Македонија за корисниците кои правото го оствариле под поповолни услови.

- Одржување на апликативни решенија за сервисирање на исплата на солидарен фонд преку Фондот (средства за посмртна помош кои се исплаќаат на наследниците на починати корисници на пензија за кои во месечните исплати на пензиските примања е вршен задршка за оваа намена).

Во делот на остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување направено е префрлување на оракл платформа во делот на софтверот за остварување на права и се напушти стариот оперативен систем на кој повеќе од 15 години се сервисираше остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

- Донесување по автоматски пат решенија за остварено прво право на старосна, семејна, инвалидска, право на надоместок за телесно оштетување, (П10/П11) по домашни прописи и меѓународни договори за социјално

осигурување како и решенија во обнова на постапка (конечни решенија со примена на најнови коефициенти за валоризација наплати на ниво на претходната година како и конечни решенија за правото на инвалидска и семејна пензија по контролен преглед).

Во делот на Оцена на работна способност направени се анализи и усвојување на новиот софтвер на оракл платформа, редовни измени и дополнувања на софтверот за подршка на процесот кај оцената на работна способност согласно законските промени, одлуки на Владата или други барања. Исто така, направено е одржување на апликацијата за архивско работење во прв степен (прием и експедиција на предмети), дописи, известија и заклучоци на Комисијата за уредност и комплетност на документацијата, закажување на преглед по барање на осигурениците за оцена работна способност, распоредување на предметите по комисии и нивна евиденција.

Во 2011 година најприоритетна задача во одделението за Развој на информацискиот систем е да се обезбеди редовна распределба на приливите на средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, со поврзување на податоците добиени од Трезорот со податоците за платените МПИН пријави кои до Фондот ги доставува Управата за јавни приходи, а се контролираат и потврдуваат од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во однос на членството во Приватните пензиски фондови, и се дистрибуираат и тоа дел од средствата на иституционалната сметка на Фондот, а дел на сметките во приватните пензиски фондови, покрај средствата се дистрибуираат и податоците за секое лице. Со извршување на оваа задача се обезбедуват средства за исплата на пензиските примања, како и извршување на другите расходи на Фондот.

Во поедини случаи делот за уплатите на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, распределбата не се прави веднаш, туку со дополнителни разрешувања. Во координација со оделението за контрола на

податоци од придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, и по нивно барање се прават анализи за да се најде начин за нивно разрешување. Реално стасуваат уплати, а за нив да нема добиено податоци од Управата за јавни приходи или со задоцнување да бидат добиени податоци од Управата за јавни приходи, или од некои други причини не можат да бидат распределени средствата. Дел од овие проблематични уплати ги разрешува деловниот дел со воспоставени процедури, но и во Секторот за информатика се вршат анализи и се предлагаат разрешувања било преку постојните процеси и апликации, или пак се подготвуваат нови алатки – апликации за процесот на разрешување на проблематични уплати. Значаен дел од нераспределените–неалоцирани уплати се однесува на податоци од Управата за јавни приходи (МПИН пријави) за кои нема соодветни пријави М1/М2.

Поврат на средства од приватните пензиски фондови со посредство на Агенцијата за капитално финансирано пензиско осигурување. Заради природата на процесот на поднесување на МППП/МПИН пријавите потребно е да се изврши поврат на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во некои случаи. Процесот е под контрола на одделението за наплата и контрола на придонесот. Во 2011 година се автоматизира извршувањето на процедурите за поврат на ниво на дневен циклус, но заради режимот на размена на податоци со Агенцијата за капитално финансирано пензиско осигурување повратите реално се комплетираат за неколку седмици.

Во модулот за контрола беше обезбедена информатичка подршка за генерирање на решенија за обврзници кај кои настанала промена во податоците во системот за наплата на придонес. Дојавувани се промените на податоци во Македонско кредитно биро

За подготовка на проектот за бањско-климатско лекување на корисниците на пензија, од Министерството за труд и социјална политика, изработана е нова апликација на Оракл платформа, бидејќи згасна употребата на стариот

BMC систем.  Апликацијата ќе се користи во почетокот на 2012 година, додека тековните задачи, одржување на апликациите кои имаат свои специфичности кои произлегуваат од деловните дефиниции, информатичката технологија и програмското решение во целина за секоја од нив се извршувани повремени или редовни интервенции, надгледување на резултатите, аналитички пристап и повремено вршење на корекции во деловно-апликативните решенија.

Активности за имплементација на проектот за Човечки ресурси, во кој  е и постојната апликација за пресметка на плата треба да згасне. За таа цел е соработувано со надворешната фирма и трансферирани се податоци за да се обезбеди континуитет

Во 2011 година  одделение за Системско инженерството и комуникација успешно ги има имплементирано и реализирано  следните активности:

1. Проширување на просторот на IBM System Storage DS4800 model 88 со додавање на тврди дискови и проширување на RAM Меморија на бладе серверите каде е инсталиран VMWARE-от, имплементација на предлозите од проектот за пенетрација на мрежата на Фондот,  набавка на нов SAN (Storage of Array Networks) за архива на  скенираните М4, М8 и микрофилмовите, инсталација на софтвер за централно менаџирање на серверите и компјутерите, инсталирање и конфигурирање на disaster center, надградба на брзината на МетроЕтернетот и активизирање на VPN со инсталација на рутерот, набавка и инсталација на Rack 42U за подрачните единици за сместување на инсталираната опрема (тендерска документација, процедура, инсталација).

2. Набавка и инсталација на Switch Cisco 24/48 ports 10/100/1000 bps за ПЕ (тендерска документација, процедура, реализација), имплементација на Quality of Service (QoS) на рутерите, проект потпомогнат од грантови на Европска Унија

за целосна дигитализација на архивите со Микрофилм и пензиски досиеја, имплементација на Oracle Single Sign-on со Active Directory.

Во делот на ситемската обработка на податоци се реализирани и хармонизирани следните обработки:

-Прифаќање секојдневно пристигнати маил-ови од Трезор и истите се ажурираат во oracle - 260 маил-ови

-Прифаќање секојдневно пристигнати маил-ови од АВРМ и истите се ажурираат во oracle - 260 маил-ови (м1, м2....)

-Прифаќање секојдневно пристигнати маил-ови од УЈП и истите се ажурираат во oracle - 260 маил-ови (м11)

-Прифаќање на промени од банките (пријави и одјави) и истите се ажурираат, а информациите од обработката се проследуваат до БАНКИТЕ .

Во 2011 година, групата за скенирање и архивирање на пријави работеше на архивирање на 500.000 пријави М1/М2/М4 како приоритет во работата, редовна обработка на пријавите М4 кои стигнуваат кај нас од редовни активности на подрачните единици (проект дневни пакет). Исто така се завршува тековно редовната контрола на дигитализираните микро филмови кои се пристигнати за работа и овозможување на On-Line пристап и листање на копија од архивираните пријави на сите на кој тоа им е потребно според работното место.

## 12. Стопанисување со имотот на Фондот и општествен стандард на корисниците на пензија

Во 2011 година Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, согласно програмата за работа усвоена од Управниот одбор спроведе доста активности во врска со своите надлежности и обврски за непречено и квалитено функционирање на домовите за живеење на корисниците на

пензија, стопанисување со станбениот и деловниот простор, извршување на програмата за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување на објектите на Фондот како филијалите и  Централата така и дел од пензионерските домови, издавање на објектите за одмор и рекреација на вработените во Фондот, обезбедување на потребната документација за впишување на објектите во сопственост на Фондот во катарската евиденција и добивање на имотни листови.

Во Републиката има вкупно  37 домови за живеење на корисниците на пензија од кои со 17 домови стопанисува Фондот  за сместување на корисници на пензија кои располагаат со 341 станбена единица. Слободни станови има два во пензионерскиот  дом во Свети Николе од причини што нема барања од корисници на пензија кои ги исполнуваат условите за сместување и еден  во Гостивар за кој стан се води судски спор за иселување.  Закупнината  за користење на станбениот простор редовно се наплаќа преку задршка од пензијата додека  останатите трошоци (комунални услуги) со помали потешкотии се наплаќаат директно од корисниците. Вкупното задолжување по основ на закупнина за стамбен простор за 2011 година изнесува 2,93 милиони денари, а  се наплатени  средства  во износ  од 2,91 милиони денари или  99,3 % .

Издавањето на слободен простор за живеење на корисниците на пензија се врши при ослободување  на станови согласно објавен оглас и донесени одлуки од страна на  комисиите во филијалите. Во 2011 година склучени се вкупно 35 нови договори  во сите домови во Републиката. Домовите за живеење  редовно се одржуваат, а со  тоа се  создаваат  добри  услови за живеење на корисниците на пензија.

Фондот располага и  со деловен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија  во површина од 6.355,98 м2 од кој е издаден 5.248,1о м2, а 1.107,88 м2 не е закупен. За издавање под закуп на деловниот простор се

распишуваат огласи, а посебна комисија од Фондот врши избор за издавање на истиот. Во 2011 година Фондот на име закупнина за деловен простор има фактурирано вкупно 12,52 милиони денари и 2,02 милиони денари пренесени побарувања од 2010 година, или вкупно 14,54 милиони денари, а од закупнини наплатени се средства во износ од 11,92 милиони денари или 82,0 % од вкупните побарувања, Во 2011 година за нередовно плаќање на закупнината поднесени се 3 тужби.

Во 2011 година со издавањето на објектите за одмор и рекреација со кои располага Фондот, согласно поднесените барања беа реализирани 1.005 ноќевања од страна на вработените на Фондот и истите од година во година се зголемуваат поради добрите услови во одморалиштата на Фондот.

Во 2011 година одделението имаше зголемена активност и околу ажурирање на документација за упис на имотот на Фондот во Агенцијата за катастар на недвижности. Фондот во 2011 година спроведе постапка за избор на овластен геодетска фирма за изработка на геодетски елаборати за упис на објектите и физичка делба на заедничките објекти со Фондот за здравстевено осигурување на Македонија. Изработени се геодетски елаборати за 12 објекти и за истите се води постапка за упис во Агенција за катастар на недвижности. Добиени се имотни листови за деловницата во Кратово и клубот во Драчево.

Активноста за упис на објектите ќе продолжи и во 2012 година. Исто така согласно законот за постапување со бесправно изградени објекти , Фондот до Министерството за транспорт и врски има поднесено 29 барања за објекти за кои не располага со техничка документација како би можело истите да се легализираат.

1. Инвестиции во 2011 година

Во 2011 година извршени се инвестициони активности во рамките на предвидените средства со Буџетот на Фондот за 2011 година со цел да се подобрат условите за работа на вработените, како и во домовите за престој на корисниците на пензија како би се подобриле условите за престој на корисниците на пензија во пензионерските домови.

- *Центала , филијали и деловници*

Извршени се повеќе инвестициони зафати во Централата, филијалите и деловниците:

Административна зграда - Централа - Скопје. Во 2011 година во новиот објект - административната зграда на Фондот се реализирани следните активности: поставени се рампи за обезбедување на паркинг места, заштити на дрвцата покрај ограда, поставени комарници на прозорите на четврти спрат, изработена метална преграда во подрумски простории, преуредена една канцеларија на трети спрат, санирање на бехатонот и изолацијата , санирана одводна цевка на улицата која беше оштетена .

Во Филијалата во Гостивар извршено е преградување на дел од ходникот со што е добиена уште една просторија. Исто така извршена е поправка на кровниот покривач.

Согласно потребите и финансиските средства предвидени во Буџетот, Фондот и понатаму ќе продолжи со вложувања за инвестиционо одржување на објектите со што условите за работа на вработените и корисниците на услуги од Фондот ќе бидат на едно солидно ниво.

- *Домови за живеење*

Во домовите за живеење на корисниците на пензија во 2011 година се продолжи со инвестирање во подобрување на условите за сместување на корисниците на пензија.

Во Домот за живеење на пензионери во Ѓорче Петров извршена е замена на внатрешните дотрајани врати во ходноците со нови ПВЦ врати, покриена е непроодната тараса со пластифициран лим, заменети се олуците со нови вертикални олуци од пластифициран лим.

Во Домот за живеење на пензионери во Автокоманда извршена е замена на вратите и порталите кои беа дотрајани со нови ПВЦ врати и портали со што се заштитени станарите од промаја во ходниците.

Со овие инвестициони вложувања значително се подобрени условите за живеење на корисниците на пензија во Пензионерските домови. Фондот и понатаму ќе продолжи со активностите во инвестирање во домовите согласно потребите и согласно расположивите средства за оваа намена.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Годишниот извештај за работата на Фондот за 2011 година, системски и детално го прикажува остварувањето на сите значајни функции од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување изразени преку бројни статистички и други показатели.

Воведниот дел во скратена форма ги дава значајните активности на Фондот во 2011 година, а во продолжение на извештајот споредбено и аналитички се прикажани остварените резултати.

Со остварените приходи во 2011 година и пренесените парични средства од 2010 година, Фондот редовно и навремено ги извршуваше обврските кон корисниците на пензија и другите обврски .

Фондот својата работа во 2011 година ја изврши ефикасно и успешно, што произлегува од деталните податоци за извршување на задачите.

Осигурениците и корисниците на пензија непречено ги остваруваа своите права во Фондот во согласност со Законот, Статутот и другите општи акти на Фондот.

Фондот, исплатата на пензиите ја вршеше редовно во воспоставените рокови, како и вршеше усогласување на пензиите согласно законските прописи.

Во Стручната служба на Фондот се имплементира новиот Пензиски проект со кој се унапредува постапката за остварување право на пензија и во делот на исплатата на пензиите.

* *
*

Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 2012 година го усвои Извештајот за работа на Фондот за 2011 година.

Директор на Фондот

**Bekim Neziri**

Претседател на Управниот одбор
на Фондот
Ацо Стојанов

Скопје, април 2012 година